М-р Филип Фидановски Жаклина Ристовска М-р Весна Бошковска




# Прирачник за наставници за реализација на наставата по Ликовно образование

за III одделение на деветгодишното образование

М-р Филип Фидановски Жаклина Ристовска М-р Весна Бошковска

# Прирачник за наставници за реализација на наставата по Ликовно образование

## за III одделение на деветгодишното образование

**Почитувани наставници,**

Прирачникот по Ликовно образование е наменет за одделенските наставници со цел да ги насочи и да им ги олесни планирањето, организацијата и реализацијата на наставата по Ликовно образование во трето одделение. Содржините кои се дадени во сценаријата може да ги **преземете**, да ги **модифицирате** или да ве поттикнат да создадете нови активности соодветно за одделението на кое предавате.

Некои активности се насочени кон практичната работа, некои кон совладување на ликовната теорија, некои за естетска анализа, ликовно творење. Искрено веруваме дека насоките од Прирачникот ќе ви помогнат, ќе ве поттикнат и ќе ја развијат креативноста и иновативноста во реализација на часовите со цел кај учениците постојано да се одржи интересот и вниманието кон ликовното творење и ликовната уметност воопшто.

*Од авторите*

# Вовед

## Опис и структура на Прирачникот

Прирачникот за наставници по Ликовно образование е направен според новата наставна програма за трето одделение по предметот Ликовно образование каде што се објаснети методските приоди. Застапен е со 36 часа годишно и 1 час на неделно ниво. Теми кои ќе се обработуваат се:

- Цртање (со 10 часа).
- Сликање (со 16 часа).
- Пластично обликување и градење (со 5 часа).
- Печатење, дизајн и визуелни комуникации (со 5 часа).

## Ликовна писменост

Преку програмските содржини по предметот Ликовно образование учениците треба да го спознаат и да го разберат постоењето на ликовниот јазик и служејќи се со него да го артикулираат својот ликовен израз, што ќе зависи од степенот на развој на индивидуалните способности и перцепции, креативното мислење и изразување, како и од поттикот што го обезбедува средината.

Задача на наставникот е да придонесе и да поттикне решавање на ликовниот проблем на нов и необичен начин, преку примена на креативна игра преку која ученикот се мотивира за ликовно изразување, да ги развива ликовните и творечките способности, да го совладува ликовниот јазик и да ги изразува мислите и емоциите.

Учениците ќе научат да искажуваат љубопитство и интерес за ликовната работа и за ликовното творење, како и да развиваат способности за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, пластично обликување и градење, графика, дизајн и визуелни комуникации во ликовното изразување.

Практичните активности кои ќе ги направат преку употреба на линија, боја, форма, текстура, волумен ќе им овозможат да ја осознаат функцијата на бојата во секојдневниот живот и да ги искажат самостојно и слободно своите сознанија, доживувања, впечатоци, мисли и фантазија.

Целта е стекнатите знаења практично да ги применат со цел да користат различни елементи во дизајнирањето предмети, да творат (самостојно, тандемски, групно), да умеат да направат избор на вистинската идеја, активност, средства и да состават целосна ликовна творба.

Истражувањата на учениците во различни ликовни подрачја, искажувањето на критичкото мислење, емоциите и впечатоците од набљудувани уметнички дела, како и користењето на компјутерската техника за ликовно творештво, развивањето на културно-хигиенските и работните навики ќе им помогне на учениците да ги осознаат тајните на ликовната уметност.
Според начинот на изработката на делото, ликовната уметност се дели на: **цртање, сликање, пластично обликување и градење, графика и дизајн** и **визуелни комуникации**.

Ликовните елементи се постојано во околината на човекот. Тие се присутни во природата која го опкружува, предметите во домот, како и во ликовните применети и уметнички творби. Ликовни **елементи** се: линија, насока, големина, текстура, форма, боја, тон и простор.

## Опрема и средства

Наставни средства кои ќе се користат во наставата по ликовно образование се:

- Аудиовизуелни средства (телевизор, ДВД-уред, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла, таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди).
- Интернет, образовни софтвери.
- Средства и материјали за цртање (туш, перце, дрвце, хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни и вештачки материјали, штафелаи...).
- Средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, пастел, туш во боја, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали).
- Средства и материјали за пластично обликување и градење (пластелин, брашно, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, плодови, предмети со различни облици и други дидактички материјали).
- Средства и материјали за печатење, дизајн и визуелни комуникации (печат, шаблони, картон, еколошки бои, плодови, картон-печат, природни и вештачки материјали, марама, украсна хартија, амбалажна кеса, фотографија, украс, накит, салфетки, илустрации, ножички, лепило и др.).
- Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил, чаши, чинии и др.).
- Нагледни средства (цртежи, слики, фотографии, изработки, макети, списанија, плакати, постери, апликации, илустрации, корица, книга, проспекти, играчки возила, сообраќајни средства, животни и сл., ателје, печатница, музеи, ликовни изложби, споменик, скулптура, биста, фонтана и др.).

## Организација на часот

Организацијата на деловите од часот ќе зависи од реализацијата на **стандардот** според Наставната програма, содржината на работа, ликовната техника и материјалите кои ќе се применуваат на тој час, како и од креативниот пристап на наставникот. Учениците ќе работат самостојно, во пар или во група. Во завршниот дел од часот се прави изложба и анализа на ученичките ликовни творби од аспект на стандардот кој треба да биде дел од ликовниот јазик на ученикот. Секоја ликовна изработка ученикот треба да ја чува во своето портфолио.

Ликовните активности учениците може да ги работат и по завршувањето на редовните задолжителни и изборни предмети во петчасовниот престој во училиште. (Секој наставник си го организира времето за активности според условите и потребите.) На секој час наставникот ја следи активноста на учениците и по потреба помага каде што треба. Ако има ученици со **посебни образовни потреби**, наставникот или образовниот асистент индивидуално работи со нив или во пар/група со други ученици.

Секогаш кога е можно се прави **меѓупредметна интеграција,** односно интеграција на активностите и поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.
Доколку учениците **немаат доволно време** на часот по Ликовно образование, имаат можност ликовната творба **да ја довршат и во времето за други активности.**

## Оценување

Оценувањето на ученикот и неговите резултати по предметот Ликовно образование значи подобро да се разбира развојот на ликовното изразување кај ученикот и неговото индивидуално мислење и расудување, неговите творечки способности, како и неговото напредување. Нема лоши ученички ликовни творби бидејќи секоја ликовна творба носи свои специфичности на детската индивидуалност. Значи, **сите ликовни изработки** треба да бидат изложени на соодветно место во училницата.

## Начин на оценување на темата

### Дијагностичко оценување

Преку разни едукативни игри, методи и техники се откриваат предзнаењата на учениците за секоја содржина од предметот.

### Формативно оценување

Формативното оценување е континуирано додека трае процесот на учење со цел да се подобрат постигањата преку давање и примање повратна информација. Тоа е оценување за учење затоа што служи да го поттикне ученикот. Секој ученик има свое портфолио кое содржи показатели (ученички ликовни изработки, цртежи, творби и сл.) и однапред подготвени евалуациски листи кои се изработуваат по конкретна негова листа.

### Сумативно оценување

Сумативното оценување е на крајот од секоја тема со цел да се обезбеди доказ за наученото и изработеното преку вреднување на истото. Се врши преку анализа на ликовните творби за изученото од соодветната тема.

Со Прирачникот се дадени и **Работни материјали** со интересни активности за учениците во вид на квиз како метод на формативно оценување, практични активности со цел да истражуваат и да творат при изработка на разни ликовни творби. Во Работните листови има дела на познати уметници кои може да послужат за реализација на исполнување на стандардот за естетска анализа. Работните листови се помошно средство за остварување на резултатите од учење од секоја тема и наставникот може да ги насочи учениците да ги користат на час или по завршување на часовите како повторување или работни/практични вежби.

Во продолжение се разработени **сценарија за часови** од сите теми во III одделение. Дадени се можни начини за реализација и организација на часовите преку разни поттикнувачки и интересни активности и техники за учениците. На секој час има предлози за цртежи или уметнички дела соодветни на содржината и стандардот кој треба да се исполни. Доколку е потребно повеќе време за реализација на активностите, учениците може да работат и во времето кое е предвидено за други активности.

**Резултати од учење**

По остварување на стандардите од првата тема **Цртање**, ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. црта со примена на различни подлоги, средства и цртачки материјали;
2. користи нови ликовни елементи во цртањето: простор, текстура, ритам и контурна линија;
3. користи сенчење и туш при цртање;
4. применува компјутер за цртање предмети, ликови и појави од своето опкружување.

Ученикот/ученичката:

5. ќе ја развива креативноста и ќе се стекнува со мануелни вештини;
6. ќе негува хигиено-технички и работни навики.

## Прв час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**

Подлоги, средства, техники и материјали за цртање (туш, перце, дрвце, четка, монохромно, сенчење).

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

**Разликува цртежи според подлогите, средствата и материјалите кои ги употребува.**

**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (7 минути)

Учениците преку игра се потсетуваат на хигиено-техничките и работните навики.
Креирајте алгоритам на активности при подготовка за ликовно творење.

Можни одговори на учениците:

1. Ставам подлога за ликовно изразување.
2. Подготвувам материјал за работа за цртање.
3. Земам подлога за цртање (лист од блок или друг потребен материјал).
4. Земам молив, гума, фломастери, мрсни боици и сл.
5. Ги следам насоките од наставникот.

Учениците преку техниката **Грозд** ги наведуваат разните подлоги за цртање кои ги користеле во второ одделение.

Можни одговори на учениците:



**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (25 минути)

Наставникот демонстрира ликовни творби за кои се користени разни подлоги и поттикнува дискусија за учениците да одредат која **подлога** е користена за ликовната творба, како и **материјалите и средствата** кои се користени. Учениците одредуваат и дискутираат за секоја ликовна творба.








(Може да се направи и во вид на квиз.)

Можни одговори на учениците: молив, моливи во боја (дрвени боички), мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали итн.

**Потсетување** за линијата како ликовен елемент во цртањето и ликовното подрачје **Цртање** преку техниката **Бура на идеи**.

Можни одговори на учениците:

Линија е продолжено движење на една точка.

Линија е права линија.

Линија е крива и права линија, дебела и тенка.

**Наставникот објаснува за контурна линија.** Контурната линија ги означува видливите граници на објектите, сенките даваат длабочина и го дефинираат нивниот облик.

Наставникот дава насоки за цртање на мотив „Предмети од училница“ каде што ќе бидат применети различни подлоги (хартија, картон, фолија, пластика, платно, кожа) со молив, четка користејќи разни видови линии и контурна линија. (Претходно наставникот подготвува и планира материјали и подлоги соодветно.) Секој ученик избира подлога од понудените на која ќе црта и соодветен материјал и средства за работа. Наставникот насочува при избор на материјалот и средствата.

Примери:

а) Подлога – фолија; материјал и средства: фломастери/маркери.

б) Подлога – хартија; материјал и средства: молив, дрвени боички или тенка четка со водени боици.

в) Подлога – платно; материјали и средства: фломастери или мрсен пастел (мрсни боици).
г) Подлога – картон; материјали и средства: фломастери или мрсен пастел (мрсни боици).
д) Подлога – кожа; материјали и средства: фломастери или мрсен пастел (мрсни боици).

Учениците самостојно ликовно се изразуваат при што користат разни подлоги и соодветни средства и материјали. Предметите од училница ги цртаат применувајќи разни линии и контурна линија.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (8 минути)

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на користењето подлога и избор на соодветен материјал и средства за цртање. Посебен акцент при анализата се става на разните видови линии претставени на цртежот.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**

Блок број 3, молив, дрвени боички, фломастери, мрсни боици, маркери – фломастери, разни подлоги за цртање.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на сопствената ликовна творба.
- Анализа на изработените ликовни творби.

Според стандардот за оценување: **Разликува цртежи според подлогите, средствата и материјалите кои ги употребува**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да објаснуваат за контурна линија.
- Да применуваат различни подлоги, средства и цртачки материјали.
- Правилно да комбинираат подлога со средства и цртачки материјали.
- Да ги применуваат ликовните елементи линија, разни видови линии.
- Да анализираат цртежи на соучениците во однос на користењето подлога и соодветен избор на средства и материјали.

* Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Македонски јазик преку активноста опишување предмет од училницата.
б) со предметот Природни науки преку активноста кога се наведуваат примери за материјали од кои се изработени предметите во училницата.

## Втор час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**

Подлоги, средства, техники и материјали за цртање (туш, перце, дрвце, четка, монохромно, сенчење).

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

**Се запознава со нови цртачки материјали и средства: туш, перце, дрвце, тенка четка.**

**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)

Наставникот на табла запишува четири поими, а учениците треба под секој поим да запишат на што ги асоцира, со напомена тоа да биде со ликовен јазик.

| ТУШ | ПЕРЦЕ | ДРВЦЕ | ТЕНКА ЧЕТКА |
|---|---|---|---|
| црн, син, црвен | молив | од дрво | четка |
| шише | метал | тенок врв | тенок врв |

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)






Наставникот демонстрира и објаснува што е туш, тушеви во боја, перце, тенка четка и поттикнува отворена дискусија.
Како и на каква подлога би цртале со овие цртачки материјали и средства?
Што би нацртале со нив?
Учениците даваат идеи, мислења и демонстрираат. Преку примери објаснуваат дека би цртале со туш и перо, туш и дрвце, тенка четка со водени боици. Наставникот демонстрира техники на цртање со туш и перо, туш и дрвце, тенка четка со водени боици, но објаснува и дека може да се црта и со тенка четка и туш и истото го демонстрира.
Какви линии се користеа при цртањето?
(Можни одговори на учениците: прави, криви, дебели, тенки итн.)
Како се вика линијата која го одделува предметот од другите нешта на цртежот?
**Контурна линија** е видливата граница на објектот или на она што се црта.

Учениците избираат и користат цртачки материјали и средства по избор, како: дрвце со туш, туш со четка, туш со перо. Се напоменува линијата од моливот да не се покрива со тушот. Може да користат и тушеви во боја.

Учениците цртаат на мотив „Моето другарче“ применувајќи ги ликовните елементи: контурна линија, различни видови линии. Наставникот објаснува дека треба да применат и комбинација на разни видови линии при цртањето. Учениците ликовно се изразуваат при што користат цртачки материјали и средства по избор од посочените.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на правилната примена на новите цртачки средства и материјали и начинот на работа со нив. Посебен акцент се става и на разните видови линии кои се применети.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**

Цртачка подлога: бел лист од блок бр. 3, туш, тенка четка, перце, дрвце, слики од уметници и ученички цртежи.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување: **Се запознава со нови цртачки материјали и средства: туш, перце, дрвце, тенка четка**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да објаснуваат за линијата како ликовен елемент.

- Да опишуваат како нацртале со посочените цртачки материјали и средства и зошто ги одбрале токму тие.
- Правилно да ги користат постапките и начинот на работа со туш со четка, туш со перо, туш со дрвце.
- Да ги применуваат ликовните елементи линија и разни линии.
- Да комбинираат разни видови линии при создавање цртеж.
- Да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на применетата ликовна техника и примената на ликовните елементи линија и разни видови линии.

* Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**



Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Математика, односно со темата Геометрија, преку активноста цртање разни видови линии, отсечка.
б) со предметот Македонски јазик, односно со подрачјето Литература, изразување и творење кога се обработува текст или стихотворба за другарството.

## Трет час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**

Подлоги, средства, техники и материјали за цртање (туш, перце, дрвце, четка, монохромно, сенчење).

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

**Црта со нови техники – туш и сенчење.**

**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (10 минути)



Наставникот поттикнува игра „Сенки“. Доколку има услови во училишниот двор, учениците излегуваат и прават разни фигури од сенки со помош на целото тело.
1. Како би ги нацртале овие сенки?
2. Истражувајте дали секој објект во дворот има сенка.
3. Колку се долги или кратки сенките? Од што зависи?
4. Земете еден камен или мал предмет од дворот, ставете го каде што има извор на светлина и набљудувајте ја неговата сенка. Како би ја претставиле со цртање? Кој материјал би го користеле при претставување на сенката?

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (25 минути)

Наставникот на платно со ЛЦД-проектор ја претставува и ја објаснува техниката на сенчење.




Тој објаснува за техниката сенчење и за претставување сенка на предметите.
• Додека се црта, секогаш треба да гледате од каде доаѓа светлото и како сенката се оцртува на објектот кој го цртате.
• Сенчењето како ликовна техника е цртање на површини кои се под сенка. Светлото и сенката се неделиви појави и секое тело или објект има сопствена сенка.
• Наставникот поттикнува отворена дискусија за тоа како би нацртале за да прикажат сенка на предмет кој го набљудуваат.

Учениците добиваат работен лист (стр. 7) и имаат задача со техниката на сенчење да направат сенка на посочените предмети, со молив. (Ликовно творење на учениците каде што цртаат според поставените предмети во еден дел од училницата каде што има извор на светлина и видлива нивна сенка.)

Наставникот покажува предмет поставен на место каде што е изложен на светлина и каде што е видлива неговата сенка. Учениците треба да го нацртаат и да ја претстават сенката. Цртаат на лист со техниката **Туш и сенчење**, при што користат линија. Потоа ја претставуваат сенката на нацртаниот предмет со сенчење. Наставникот објаснува дека е најдобро е да се црта со туш на мазната страна од листот од блок.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Изложување на цртежите, разгледување и анализа во смисла како го изработиле цртежот, со која техника и како го направиле сенчењето.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**

Лист хамер за секој ученик, туш, перо, дрвце, ученички или ликовни дела на кои е прикажано сенчење, разни предмети (може 3Д-форми).

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби со примена на сенчење.
- Учеството во изработката на сопствените творби и анализа.

Според стандардот за оценување: **Црта со нови техники – Туш и Сенчење**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да објаснуваат за сенките на предметите и за начинот на нивно прикажување на цртеж.
- Да опишуваат како нацртале со посочените техники на сенчење.
- Правилно да ги комбинираат техниките **Туш** и **Перо со молив**.
- Да анализираат цртежи на соучениците со цел да се уочи техниката на сенчење со која е изработен цртежот.

* Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

- Меѓупредметна интеграција може да се направи со предметот Математика, темата Геометрија, и тоа преку активноста кога учениците опишуваат за 2Д-формите и определуваат која 2Д-форма е сенка на предметот.

- Со предметот Математика, темата Геометрија, преку активноста при именување и опишување 3Д-форми.

## Четврти час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**

Подлоги, средства, техники и материјали за цртање (туш, перце, дрвце, четка, монохромно, сенчење).

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

**Комбинира цртачки материјали и техники и создава ликовна целина.**

**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)

Наставникот преку техниката **Бура на идеи**: ЦРТАЧКИ ТЕХНИКИ и МАТЕРИЈАЛИ ги активира предзнаењата на учениците.

Кои цртачки материјали сте ги користеле досега?

**Можни одговори на учениците:** молив, туш, тушеви во боја, фломастери, моливи во боја, мрсни боици...

Кои цртачки техники ги знаете?

Учениците кажуваат цртачки техники кои ги користеле.

**Можни одговори:** цртање со молив, туш со перо, туш со дрвце, со тушеви во боја, со фломастери, со моливи во боја, со мрсни боици, со компјутер, сенчење...

Наставникот ги запишува зборовите на учениците и преку отворена дискусија учениците кажуваат за омилената цртачка техника.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

Учениците, поделени во мали групи, добиваат задача да прочитаат дел или целина од текст кој го обработувале. Треба да се договорат (во групата) тој дел или целина да го илустрираат користејќи комбинација од цртачки техники и материјали и да создадат целина. Како ликовни елементи ќе користат разни видови линии и контурна линија.

Секој група добива различен дел или целина од текстот. Групите презентираат каква комбинација на цртачки техники и материјали ќе користат.

**Можни одговори:**

1. Цртање на контурните линии со тушеви во боја, а внатрешноста со дрвени боици.
2. Цртање на контурните линии со фломастери, а внатрешноста и другите делови со дрвени боици.
3. Цртање со алатките на *Пеинт (Paint)*: молив, боја, кантичка со боја, разни 2Д-форми.
4. Цртање со молив и сенчење на предметите.

**Ликовно творење:** Учениците цртаат на мотив „Илустрација на текст“ со молив, дрвени боици, тушеви во боја, фломастери и компјутер користејќи линија и создаваат целина.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на комбинирањето на цртачките техники и материјали, примената на линијата и контурната линија како ликовни елементи и како е создадена целината.



**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 3, молив НБ 5, моливи во боја, тушеви во боја, фломастери, таблет или компјутер.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Според стандардот за оценување: **Комбинира цртачки материјали и техники и создава ликовна целина,** наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да ги наведуваат цртачките техники и материјалите кои ги користеле.
- Да опишуваат како комбинирале цртачки материјали и техники.
- Правилно да применуваат една од објаснетите техники на сенчење.
- Да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на примената на контурната линија и разните видови линии и да објаснуваат како е создадена целината.

* Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметна интеграција може да се направи со предметот Македонски јазик, подрачје Литература, изразување и творење кога учениците обработуваат текст и го делат на целини. Текстот треба да биде погоден за илустрација. (Според ликовните творби каде што секоја ликовна творба претставува една целина од текстот, учениците може да прераскажуваат или ликовно да творат по обработениот текст со цел да се види дали ја разбрале содржината и дека една целина од текстот претставува една слика, односно една ликовна целина.)

## Резултати од учење

По остварување на стандардите од темата **Сликање**, ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- користи различни техники, подлоги, средства и материјали во сликањето;
- слика со примена на основни и секундарни бои;
- разликува оригинална ликовна творба од репродукција;
- создава ликовна композиција со ладни и топли бои;
- употребува компјутер и други дигитални уреди во сликањето.

Ученикот/ученичката ќе:

- ја развива креативноста преку сликањето;
- ги развива и негува хигиено-техничките и работните навики.

## Петти час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Подлоги, средства, техники и материјали за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, Колаж/микс медија...

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Применува разновидни техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање, колаж/микс медија и сл.).**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)

На клупата се изложени различни средства и материјали за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж/микс медија). Учениците ги разгледуваат и дискутираат за средствата и материјалите за сликање.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

Наставникот поттикнува дискусија за бојата, за просторот и за хармонијата на бојата.

**Бојата** ја среќаваме насекаде околу нас, таа ги обојува во прекрасни бои нештата кои нè опкружуваат.

**Просторот** се претставува на сликата. Како простор се именува сето она низ кое се движиме ние, птиците, возилата...

**Хармонија на бојата** значи користење слични бои.

Наставникот им кажува на учениците дека при ликовното изразување може да применуваат разновидни техники и постапки (капење, гребење, прскање и сл.).

Учениците добиваат насока да користат темперни боици, водени боици или туш во боја при создавање на ликовната композиција „Изгрејсонце/зајдисонце“. Наставникот објаснува дека со помош на четка за боење може да растворат боја со вода и директно да направат капење на белиот лист, притоа да биде запазен дадениот мотив. **Капењето** на белиот лист може да го направат со четка натопена во боја, со четка натопена во туш и сл.

Учениците добиваат насока како со помош на четка за заби, сунѓер, жица за садови, чепкалка за заби, чепкалка за уши да направат **гребење** на претходно нанесена темперна боица на белиот лист.

При ликовното творење учениците добиваат насока со употреба на темперна боица (претходно растворена во вода) и четка за боење да ја применат постапката во сликање – **прскање**. За да се направи постапката прскање, може да се употреби туш во боја со директно прскање на листот.
Како **подлога за сликање** се користи хартија за цртање од рапавата страна која добро ја прима бојата.
Наставникот поведува разговор за Сонцето (место на изгревање и место на заоѓање) преку гледање фотографии и уметнички слики.



**Изгрејсонце**



**Зајдисонце**





Учениците добиваат насоки самостојно да сликаат на даден мотив „Изгрејсонце/зајдисонце“ со темперни боици, воденици бои или туш во боја користејќи боја, простор, хармонија на боја. Добиваат насока при ликовното творење да комбинираат различни техники и постапки за сликање применувајќи боја, простор и хармонија на боја.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на средствата и материјалите за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја).

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**

Блок број 3, сликарски материјали: темперни боици, водени боици, бела темперна боица во голема туба, чаши за вода, туш во боја.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни тврби.
- Учеството во изработката на сопствените творби.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Меѓупредметна интеграција може да се направи со предметот Македонски јазик, подрачје Литература, изразување и творење кога се раскажува на зададена тема. Учениците на часот по Македонски јазик имаат задача писмено да раскажуваат по сопствената ликовна творба „Еден ден на изгрејсонце“ или „Еден ден на зајдисонце“.

## Шести час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**

Подлоги, средства, техники и материјали за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, Колаж/микс медија).

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

**Применува разновидни техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање, колаж/микс медија и сл.).**

**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)

Учениците преку техниката **Бура на идеи** ги искажуваат своите знаења за средствата и материјалите за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четка).

Преку техниката **Бура на идеи** ги искажуваат своите знаења за разновидните техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање). Ги истакнуваат своите предизвици со кои се соочиле при ликовното изразување на даден мотив „Изгрејсонце/зајдисонце“.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

Наставникот објаснува за сликарската техника **Колаж/микс медија.** Тоа е техника која од каков било вид материјал (весници, фотографии, списанија, листови во боја, хамери во боја, самолеплива хартија во боја) се прави колаж, мешавина/микс од разни материјали.

Наставникот презентира слики изработени со **Колаж/микс медија** и дава објаснување за истите.



**Техника микс/медија**

Од весници, фотографии, боја, керамика.



**Техника микс/медија**

Од весници, текстил, боја.



**Техника микс/медија**

Од весници, фотографии, боја.

Учениците дискутираат за презентираните слики. Ги истакнуваат своите размислувања за тоа што забележале на сликите.
Наставникот поттикнува дискусија со учениците за техниката и постапката во сликањето Колаж/микс медија.
Учениците добиваат насока да користат **Колаж/микс медија** при создавање на ликовната композиција на слободна тема.
Добиваат насока при ликовното творење да создадат слика користејќи ги ликовните елементи боја и форма.



**Бојата** е ликовен елемент преку кој ги изразуваме своите уметнички идеи, емоции, психолошки состојби и естетски ставови. Првата поделба на боите е на примарни (црвена, сина, жолта) и на секундарни (портокалова, зелена и виолетова).
**Формата** е ликовен елемент која е застапена во сите ликовни подрачја: цртање, скулптура, сликање, графика и дизајн. Формата влијае на човекот со својот изглед. Сите предмети, па и ние самите имаме форма според која се препознаваме.
Учениците се делат во четири групи од по 4 до 5 ученика. Секоја група има за задача по сопствен избор да прави колаж со употреба на различни материјали (весници, фотографии, списанија, листови во боја, хамери во боја, колаж во боја, темперни боици, четка) и истите да ги комбинира со цел да направи една целосна ликовна творба по сопствено видување.
Потоа следува презентација на групната работа за техниката и постапката во сликање **Колаж/микс медија**.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Изложување на ликовните творби, разгледување и анализа на истите во однос на средствата, материјалите за сликање, начинот на користење и комбинирање на материјалите за работа.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**

Блок број 3, весници, фотографии, списанија, листови во боја, хамери во боја, самолеплив колаж, темперна боја, четка, туш во боја.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
• Практичната активност за време на час (учество во активностите).
• Изработените ликовни творби.
• Учеството во изработката на заедничките творби.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Меѓупредметна интеграција може да се направи со сите предмети според содржините на часот.

- На пример, со предметот Природни науки, темата Вселена и небесни тела, преку истражувачки активности за вселената. Планетите може да се изработат од весници, вселената од темно сина хартија, ѕвездите од пластика и сл.
- На часот по одделенска заедница кога се говори за другарството. На пример, фотографии од сите ученици на позадина од листови во боја залепени на хамер.

## Седми час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ
Подлоги, средства, техники и материјали за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, Колаж/микс медија...).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
**Комбинира материјали, средства, техники и постапки и создава слика.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС
**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (10 минути)
На почетокот на часот учениците се делат во парови. Тие ја играат играта „Извлечи го предметот“. Еден ученик од парот му ги врзува очите со марама на своето другарче и го придружува до претходно определено место. Ученикот со врзани очи оди до местото каде што се изложени сите материјали потребни за сликање (темперни боици, водени боици, четки, весници, фотографии, списанија, зрна од грав, ориз, леќа и други материјали). Треба да земе три вида материјали и да ги донесе кај другарчето со кое ќе работи во пар подоцна. Притоа, ги именува.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (25 минути)
Учениците дискутираат:

1. Кои сликарски техники и постапки се користат во сликањето?
   Можни одговори: капење, темпера, акварел, гребење, прскање...
2. Објасни како се работи со техниката **Колаж/микс медија**.
   Можни одговори: со комбинација на весници, фотографии, списанија, листови во боја, хамери во боја, самолеплив колаж.
3. Кои природни материјали може да ги користиш?
   Можни одговори: листови, трева, зрна...

Учениците претходно беа поделени во парови. Секој пар добива насока од наставникот да работи и да комбинира материјали, средства и да создаде слика според тоа што претходно што имал извлечено. Учениците може да користат темперни боици, водени боици и четки за да применат и други изучени сликарски техники и постапки, како што се капењето и гребењето.
При работата учениците ја применуваат техниката **Колаж/микс медија**. Тие комбинираат материјали и средства, но и други сликарски техники и создаваат слика. Од природни материјали користат различни зрна (грав, ориз, леќа).
Наставникот дава насока учениците да сликаат на мотив по сопствен избор.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)
Презентација на работата во парови. Дискусија за начинот на комбинација на природни материјали (зрна од ориз, грав, леќа) со **Колаж/микс медија** (весници, фотографии, списанија). Изложба од цртежите во училницата.

### РЕФЛЕКСИЈА
Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

### СРЕДСТВА
Блок број 3, весници, фотографии, есенски лисја, гранки од дрвја, цветови и други природни материјали, списанија, зрна (грав, ориз, леќа), темперни боици, водени боици, четки.

### СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ
• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
• Практичната активност за време на час (учество во активностите).
• Изработените ликовни творби (сликање).

• Учеството во изработката на творби во парови.
**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**
Меѓупредметна интеграција може да се направи со предметот Природни науки, тема Промени на материјали, во некои активности кога се опишуваат промена на материјалите.

## Осми час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**
Подлоги, средства, техники и материјали за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, Колаж/микс медија).
**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**
**Комбинира материјали, средства, техники и постапки и создава слика.**
**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**
**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (7 минути)
Наставникот демонстрира ученички цртежи претходно изработени. Цртежите се изработени со темперни боици, водени боици, четка, од природни материјали (грав, ориз, леќа), од колаж/микс, весници, фотографии, списанија.
Наставникот може да ги презентира и следниве ликовни творби:


**Птици**


**Слика од есенски лисја**


**Цветен венец**

collage mixed media art - Bing images

По презентацијата учениците одговараат на поставените прашања:
1. Од кои природни материјали се изработени сликите?
2. Кои средства и материјали се користат?
Учениците ги воочуваат разликите меѓу изработените цртежи и презентираните цртежи.
**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (25 минути)
Наставникот дава насоки како учениците да ги комбинираат материјалите и средствата, техниките и постапките кои ќе им бидат посочени. Тој дава насока учениците да користат туш во боја и да ја применат постапката прскање. Од природни материјали треба да употребат различни растенија (цвет, лисја, гранки). За техниката **Колаж/микс медија** да користат листови во боја, хамери во боја, самолеплива хартија во боја.
Учениците се поделени во мали групи, во зависност од бројот на ученици во паралелката. Секоја група добива насока да работи и да ги комбинира материјалите, средствата, техниките и постапките и да создава слика на мотив по сопствен избор.
**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (8 минути)
Презентација на групната работа, дискусија за начинот на комбинирање на материјалите (природни материјали: цвет, лисја, гранки), средствата (листови во боја, хамери во боја, самолеплива хартија во боја), техниките (**Колаж/микс медија**) и постапките (прскање) при создавање слика.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Блок број 3, листови во боја, природни материјали: цвет, лисја, гранки, листови во боја, хамери во боја, самолеплива хартија во боја, туш во боја.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
• Практичната активност за време на час (учество во активностите).
• Изработените ликовни творби.
• Учеството во изработката на заедничките творби.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметна интеграција може да се направи со предметот Музичко образование, тема Пееме, свириме и играме кога учениците обработуваат детска песна со содржини за есенските лисја, есенските овошни плодови или есенските цвеќиња. Содржината од песната може да биде преставена преку ликовно творење.

По остварување на стандардите од третата тема „Пластично обликување и градење“, ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- користи различни подлоги, средства и материјали за пластично обликување и градење и да применува различни техники и постапки во пластичното обликување: длабење, гребење, перфорирање и цртање, постапки на додавање и одземање, каширање;
- создава композиција со моделирање предмети и тридимензионални форми и да прави макети од отпадни материјали;
- претставува простор со комбинирање и составување и да компонира готови форми при создавање сложена композиција.

Ученикот/ученичката ќе:

- ги усовршува мануелните вештини за обликување и градење;
- развива способност за естетска проценка на уметничките дел.

## Деветти час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Подлоги, средства, материјали, техники и постапки за пластично обликување и градење (глина, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали, геометриски форми, плодови, длабење, гребење, перфорирање, каширање).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Користи и комбинира различни подлоги, средства и материјали за обликување и градење.**

**Применува различни техники и постапки при создавањето облици и градби.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)

Преку техниката **Минута размислување** учениците се потсетуваат на сите материјали со кои работеле изминатата учебна година на часовите по предметот Ликовно образование

Можни одговори: мониста, хартија, дрво, глина, пластелин.

Преку техниката **Минута размислување** учениците се потсетуваат на сите техники со кои работеле изминатата учебна година на часовите по предметот Ликовно образование.

Можни одговори: сечење, лепење, превиткување, спојување.

Наставникот објаснува за средствата, материјалите, техниките и постапките за пластично обликување и градење кои ќе се користат во трето одделение. Материјали за пластично обликување и градење: глина, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали. Техники и постапки за пластично обликување: длабење, гребење, перфорирање, цртање, каширање,

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

Секој ученик на клупа ја изложува картонската амбалажа која ја има донесено. Преку техниката **Бура на идеи** се добива одговор на прашањето што сѐ можат да изработат од таа амбалажа и истото да го искористат во игра. Учениците ги искажуваат сите свои идеи. Наставникот им најавува дека ќе изработуваат **робот**.







Тој им дава насоки на учениците за тоа како да се употребува картонската амбалажа, за начинот на спојување, лепење и изработка на деловите на роботот.

Учениците со употреба на картонска амбалажа со различна форма и големина креираат робот со помош на спојување и лепење применувајќи форма по сопствена фантазија. Тие учат да создаваат целина од повеќе форми со различна големина.

Наставникот дава насока правилно да ја распоредат картонската амбалажа (кутии од лекови, сируп, парфем, чевли...) за да креираат робот. Учениците добиваат насоки да користат кутии со соодветна форма и големина за да се претстави секој дел од телото на роботот.

Материјал за изработка на роботот: картонска амбалажа со различна форма и големина, темперна боица, четки, копчиња, лепило, стапчиња.

Постапка за изработка на робот:

1. Правилен распоред на амбалажата за секој дел од телото.
2. Спојување на сите делови со помош на лепило.
3. Боење на роботот со темперни боици по избор.
4. Изработка на деловите од главата (очи, нос, уста) со помош на копчиња, стапчиња, самолеплива хартија во боја.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Изложување на изработените роботи од картонска амбалажа, разгледување и анализа на готовите изработки во однос на примената на различните техники и постапки при создавањето облици и градби. Се води дискусија по прашањата 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

## СРЕДСТВА

Картонска амбалажа (кутии од лекови, сируп, парфем, чевли), темперна боица, четки, копчиња, лепило, стапчиња и друг материјал за реупотреба.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на час (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби (прецизноста, педантноста, креативноста и соодветното поврзување на деловите од телото во однос на амбалажата).

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓупредметна интеграција со предметот Математика, тема Геометрија, преку активноста за препознавање и именување 3Д-форми. Учениците на часот по Математика ги разгледуваат различни модели на 3Д-форми од кои е направена амбалажата со која ќе го создадат роботот. По изработката на роботот именуваат од кои 3Д-форми е составен.

По остварување на стандардите од четвртата тема „Печатење, дизајн и визуелни комуникации“, ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- печати самостојно со комбинација на шаблони и отпечатоци;
- изработува дезен (шара), украс, накит и декорација со примена на различни ликовни елементи, средства, материјали, техники и постапки за дизајнирање;
- користи компјутер, печатач и фотоапарат за дизајнирање и изработка на декорации;
- разликува илустрација, фотографија, корица за книга, постер и плакат.

Ученикот/ученичката ќе:

- ги развива креативноста и естетските вредности;
- ги негува хигиено-техничките и работните навики.

## Десетти час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ
Печатење: подлоги, средства, материјали, техники, постапки и елементи (шаблон, печат, картон-печат, отпечаток, шара, декорација).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
**Изработува печати користејќи природни материјали.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС
**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)

Наставникот поставува проблемска ситуација (учениците треба да замислат дека се во природа каде што треба да го поминат денот).

Учениците одговараат на поставеното прашање: Што сѐ можат да искористат од природата за игра со цел да го направат денот интересен? Тие размислуваат и нудат решение за поставеното проблемско прашање.



**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

Наставникот им ја покажува на учениците „волшебната торбичка“ во која има три мали кесички со различни природни материјали (листови од дрвја и гранчиња различни по должина и дебелина), цитрусни плодови (лимон, портокал), компир. Учениците се поделени во 4 групи. Претставник од секоја група влече по едно кесиче со природни материјали. Наставникот ѝ дава насоки за работа на секоја група.

Првата група која извлекла цитрусни плодови (лимон, портокал), претходно исечени на половина, добива насоки за работа:
1. Да нанесат соодветна темперна боица со поголема густина на секој цитрусен плод.
2. Обоениот дел со умерен стисок на раката да се притисне на листот од блокот.
3. За секое печатење може да се нанесе различна боја, но не е задолжително.
4.Со печатењето се повторува истата форма повеќе пати.

Втората група која извлекла лисја од дрвја со различни форми добива насоки:
1. Да нанесат боја на рапавата страна од природниот лист.
2. Обоениот дел со умерен стисок на раката да се притисне на листот од блокот.
3. Се тапка со раката за да се добие појасен отпечаток.

Третата група која извлекла гранчиња со различна должина и дебелина добива насоки:
1. Прецизно да нанесе боја на гранчињата.
2. Обоениот дел со умерен стисок на раката да се притисне на листот од блокот.
3. Со отпечатоците од гранчињата да изработат форми (силуета на човече, разгрането дрво...).

Четвртата групата која извлекла компир (наставникот претходно изработил неколку форми) добива насоки:
1. Да нанесат темперна боица со поголема густина по сопствен избор.
2. Обоениот дел со умерен стисок на раката да се притисне на листот од блокот.
3. За секое печатење треба да се нанесе боја.
4. Со печатењето се повторува истата форма повеќе пати.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)
Секоја група излегува и ги презентира своите изработки. Учениците од другите групи даваат свои мислења за успешноста на печатењето, за целосното исполнување на просторот, за прецизноста и педантноста во работата, како и за предизвикот да печатат користејќи природни материјали.

**РЕФЛЕКСИЈА**
Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**
Блок број 3, „волшебна торбичка“, три мали кесички, природни материјали (листови од дрвја и гранчиња), цитрусни плодови (лимон, портокал), компир, темперни боици, четка, подлога – бел лист од блок број 3.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**
• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
• Практичната активност за време на час (учество во активностите).
• Изработените ликовни творби (печатење).
• Учеството во изработката на заедничките творби.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**
1. Меѓупредметна интеграција со предметот Музичко образование, тема Пееме, свириме и играме, преку обработка на песна со теми за овошни плодови.

2. Меѓупредметна интеграција со предметот Математика, тема Операции со броеви, содржина Дропка. На часот по Математика наставникот ги користи природните материјали (плодови) кои се делат на половини при објаснување на поимот дел од цело.

Додаток кон Прирачникот наменет за дообјаснување на материјалите и средствата за работа. (Овој дел е наменет САМО за наставниците.)

## ПОДЛОГА ЗА ЦРТАЊЕ

1. Хартија – блок број 3.
2. Картон – каширан/некаширан.
3. Сликарско платно.
4. Пластични фолии, филм-фолии, фолии во боја (фолии за графоскоп), фолии од отпаден материјал кои децата може да ги најдат дома.
5. Сите видови печатарски хартии и картони.
6. Кожа.
7. Пластика (кутии, шишиња, пластика во боја).

## МАТЕРИЈАЛИ ЗА ЦРТАЊЕ

1. Моливи: HB, B1, B2, B3… Не се користат тврди моливи од типот „H“.
2. Моливи во боја (дрвени боици).
3. Мрсен пастел (креон – мрсни боици).
4. Сув пастел.
5. Креди во боја.
6. Туш (основен црносин).
7. Туш во боја.
8. Темперни боици.
9. Акварелни боици (водени боици).
10. Фломастери во боја (тенки и дебели).

## ПРИБОР ЗА ЦРТАЊЕ И СЛИКАЊЕ

1. Перодршка.
2. Повеќе видови перца.
3. Гранче или трска. (Овој прибор го зашилува наставникот во облик на перце.)
4. Четки за акварел.
5. Четки за темпера.

## МАТЕРИЈАЛИ ЗА МОДЕЛИРАЊЕ (ГРАДЕЊЕ)

1. Глина.
2. Пластелин.
3. Тесто од бршно.

## ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ПОТРЕБНИ ЗА ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ

1. Разни видови лепила за хартија и за пластика.
2. Хартии за колаж (самолепливи или нелепливи).
3. Разни видови списанија, весници.
4. Разни видови текстил и кожа.
5. Лак за коса за фиксирање на пастелите и кредите во боја. (Ова го употребува само наставникот.)
6. Компир, цитрусови плодови, лисја, гранки кора од дрво и друго.

М-р Филип Фидановски Жаклина Ристовска М-р Весна Бошковска



# Работни листови

## Материјали за учење по Ликовно образование за III одделение на деветгодишното образование

3

М-р Филип Фидановски Жаклина Ристовска М-р Весна Бошковска

# Работни листови

## Материјали за учење по Ликовно образование за III одделение на деветгодишното образование

3

Драг ученику,

Уметноста е составен дел од животот на човекот и се изразува преку цртеж, слика, графика, скулптура и дизајн.

Работните материјали и насоките од твојот наставник ќе ти бидат водич во надоградување на твоите знаења, ликовни техники и вештини во ликовните подрачја:

1. Цртање.
2. Сликање.
3. Пластично обликување и градење.
4. Печатење, дизајн и визуелни комуникации.

Часовите по Ликовно образование нека ти претставуваат задоволство, надоградувај го твојот ликовен јазик со помош на Материјалите за учење по Ликовно образование. Креирај ликовни творби применувајќи ги новите знаења од ликовната уметност.

*Од авторите*

## ПРВА ТЕМА: ЦРТАЊЕ

**Во оваа тема ќе се оспособиш:**

- да црташ со примена на различни подлоги, средства и цртачки материјали;
- да користиш нови ликовни елементи во цртањето: простор, текстура, ритам и контурна линија;
- да користиш сенчење и туш при цртањето;
- да применуваш компјутер за цртање предмети, ликови и појави од своето опкружување.

Ученикот/ученичката:

- ќе ја развива креативноста и ќе се стекнува со мануелни вештини;
- ќе негува хигиено-технички и работни навики.

### Потсети се!

Внимателно разгледај го цртежот и во секое поле нацртај линија која се појавува на цртежот. Под тоа запиши го видот на линијата.



| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

# ЦРТАЧКИ ПОДЛОГИ

### Ликовен јазик

**Подлога** е материјал на кој се црта, се слика или се дизајнира.

**Видови цртачки подлоги се:** хартија, картон, фолија, пластика, платно, кожа.

Моливот, моливите во боја, мрсните боици, фломастерите се **цртачки средства и материјали.**

**Линија** е продолжено движење на една точка.



Хартија





Текстил и кожа

**1.** Запиши на каква цртачка подлога цртале децата.













**2.** Заокружи ги цртачките подлоги кои си ги користел при цртање.

а) хартија  б) картон  в) фолија  г) пластика  д) платно  ѓ) кожа

**3.** Во табелата, најди ги зборовите кои означуваат цртачки подлоги и обој ги со разни бои.

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| О | М | С | И | Ф | Њ | Ѕ | А | Ф | М | Ф | Н |
| Н | К | Х | А | Р | Т | И | Ј | А | К | О | Т |
| Т | О | Г | А | Ф | Е | У | С | Г | Т | Л | Ѕ |
| А | Ж | О | Ѕ | Р | Р | И | Д | Р | Ј | И | Љ |
| Л | А | П | Д | Ј | Т | О | А | Х | Х | Ј | С |
| П | Л | А | С | Т | И | К | А | Ј | Г | А | З |

## ЦРТАЧКИ МАТЕРИЈАЛИ И СРЕДСТВА

### Ликовен јазик

**Туш** е течност, материјал со кој се црта. Тој може да биде во разни бои. Со него се претставува секој детаљ на она што се црта.

**Перце/перо** е средство за нанесување на тушот.

**Дрвце** е средство за нанесување на тушот со помош на зашилен врв.

**Тенка четка** е средство за нанесување на тушот. Со неа може да се исполнат површините во потемни и посветли тонови на црна или друга боја на тушот.Таа може да се комбинира со перце/перо.

Со овие цртачки материјали и средства се црта на **мазна** површина. Најпогоден е хамерот.

**Контурната линија** ги означува видливите граници на објектите.



Контурна линија



Цртачки материјали и средства

1. Поврзи ги цртачките материјали и средства со цртежот на кој се применети.

комбинација на мрсен пастел (мрсни боици)

разреден туш со тенка четка













туш со перце

тушеви во боја со дрвце

туш со перо и тенка четка

2. Нацртај контурна линија со туш и перо на цртежите.







# ТУШ И СЕНЧЕЊЕ

**Ликовен јазик**

- **Сенчењето** е цртачка техника на сенката на телата или на предметите. Светлото и сенката се неделиви појави и секое тело или објект има сопствена сенка.
- Пополнувањето со молив, т.е. цртањето фини линии со молив напред и назад така што моливот цело време лизга преку хартијата се нарекува сенчење.
- За оваа техника е најдобро да се црта со молив, а контурните линии со туш и перце.



Пополнување со молив

1. Со молив сенчај ги овие 3Д-форми. Од каде е изворот на светлина?



# КОМБИНИРАЊЕ НА ЦРТАЧКИ ТЕХНИКИ И МАТЕРИЈАЛИ

**Ликовен јазик**

- **Монохромно** – цртање само со една боја.
- Примери за комбинација на цртачки техники и материјали при ликовно творење:

1. Цртање контурни линии со тушеви во боја, а внатрешноста со дрвени боици.
2. Цртање контурни линии со фломастер, а внатрешноста и другите делови со дрвени боици.
3. Цртање со алатките на *Пеинт* – молив, боја, кантичка со боја, разни 2Д-форми.
4. Цртање со дрвце и перо, туш и сенчење на предметите.



Ученички цртеж –

монохромно цртање со син

**1.** Разгледај ги внимателно ученичките цртежи и одреди ја комбинацијата на цртачки техники и материјали.







Ученички цртежи од ученици од III б одделение од ООУ „Браќа Миладиновци“, Аеродром, Скопје



Филип Цветков IV а

ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ Скопје

**Во оваа тема ќе се оспособиш:**

- да користиш различни техники, подлоги, средства и материјали во сликањето;
- да сликаш со примена на основни и секундарни бои;
- да разликуваш оригинална ликовна творба од репродукција;
- да создаваш ликовна композиција со ладни и топли бои;
- да употребуваш компјутер и други дигитални уреди во сликањето;
- да ја развиваш креативноста преку сликањето;
- да развиваш и да негуваш хигиено-технички и работни навики.

## Потсети се!



Ученички цртежи од ученици од III б одделение од ООУ „Браќа Миладиновци“, Аеродром, Скопје

Со кои сликарски материјали и средства се изработени овие ликовни творби?

# СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ И ПОСТАПКИ

**Ликовен јазик**

- **Дел од техниките и постапките** во сликањето се: капењето, гребењето и прскањето.
- **Бојата** ги обојува во прекрасни бои нештата кои нè опкружуваат. Таа е ликовен елемент преку кој ги изразуваме своите уметнички идеи и емоции.
- **Просторот** се претставува на сликата. Како простор се именува сето она низ кое се движиме ние, животните, авионите...
- **Хармонија на боја** значи користење слични бои.



**1.** Реши го крстозборот и потсети се за сликарските материјали кои си ги користел и кои ќе ги користиш оваа година.

темперни боици водени боици туш во боја четки пастелни боици палета
хартија во боја природни материјали вештачки материјали



**2.** Кои сликарски техники и постапки си ги користел? Заокружи.

темпера гваш-техника акварел пастел

капење прскање гребење колаж

# ТЕХНИКА КОЛАЖ/МИКС МЕДИЈА

### Ликовен јазик

- **Колаж/микс медија** е техника/постапка која од каков било вид материјал (весници, фотографии, списанија, листови во боја, хамери во боја, самолеплива хартија во боја) се прави колаж, мешавина/микс од разни материјали.




**1.** Под секоја ликовна творба запиши од кои материјали е направена.













# КОМБИНИРАЊЕ НА СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ И МАТЕРИЈАЛИ

## Ликовен јазик

- Комбинирањето сликарски техники, постапки, природни и вештачки материјали, како ѝ сликарски материјали создава можност уметникот да создаде **слика по своја креација и идеја.**
- Мотивите за сликата може да бидат различни, но и по слободен избор на уметникот.
- Обидете се да направите ваква слика од разни материјали и техники.
- Оваа идеја нека ве поттикне да создадете и вие слика по сопствена креација.



Идејата е преземена од **Simple Crafts for Kids.**

**Потребен материјал:**

1. Вештачки материјал: самолеплива лента/ фолија, ножици.
2. Природен материјал: лисја од дрвја, цвеќиња, растенија и друго.
3. Сликарски материјал: картон, темперни боици, четки.





















## ЛИКОВЕН КВИЗ 1 – ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

1. Заокружи од кои материјали можеш да направиш робот. (Има повеќе точни одговори.)
а) глина б) хартија в) пластелин г) брашно д) тесто
ѓ) стакло е) песок ж) волница з) мониста



2. Заокружи со кои ликовни техники и постапки за пластично обликување и градење можеш да направиш робот.

а) со обликување на глина б) со гребење на хартија
в) со перфорирање на пластелин г) со длабење на брашно
д) со каширање на тесто ѓ) со цртање на песок е) со спојување и лепење на разни видови кутии

3. Што е каширање?



а) Каширање е обложи, обложува, облепи, облепува нешто со листови, слоеви на нешто;

б) Каширање е спојување на листови со лепење;

в) Каширање е лепење хартија на поцврста подлога, на пример, картон.



4. Заокружи ги точните чекори при изработка на дворец од геометриски форми од глина:

а) обликување на глина со вода и стапче до саканата 3Д-форма (коцка, конус, квадар, топка, пирамида...);

б) подготовка на материјали (глина, вода, стапче за обликување, темперни боици);

в) спојување на 3Д-формите и креирање на дворец од глина;

г) примена на ликовните техники длабење, гребење;

а) подготовка на материјал (глина, вода, стапче за обликување, темперни боици);

б) обликување на глина со вода и стапче до саканата 3Д-форма (коцка, конус, квадар, топка, пирамида...);

в) примена на ликовните техники длабење, гребење;

г) спојување на 3Д-формите и креирање на дворец од глина;

а) спојување на 3Д-формите и креирање на дворец од глина;

б) подготовка на материјал (глина, вода, стапче за обликување, темперни боици);

в) примена на ликовните техники длабење, гребење;

г) обликување на глина со вода и стапче до саканата 3Д-форма (коцка, топка, пирамида...).







Техники и постапки за работа со глина може да видиш на овој линк:

How to make 3D shapes in Clay | 3D Shapes clay model | Basic shapes in Clay work - Bing video

# ПЕЧАТИ ОД ПРИРОДНИ МАТЕРИЈАЛИ

**Ликовен јазик**

- Печатењето е ликовна техника која е многу интересна и креативна.
- Кога се создава ликовна творба со печатење, се користат темперни боици, четки и сл.
- Печати може да се направат од природни материјали, на пример, компир (компир-печат), од лисја од дрвја, разни плодови, гранчиња од дрво, камчиња и сл.



Разгледај ги фотографиите, избери печат од природни материјали и креирај ликовна творба на мотив по твој избор.



Печати од лисја од дрвја







Печати од камчиња



Печати од плодови



Материјал за изработка на печат од компир

### Единаесети час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ
Ликовни елементи во цртањето: (контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
**Создава претстава за просторот (длабочина, блиску/далеку, внатрешен/наворешен) и го претставува на цртеж.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС
**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата (10 минути)**

Учениците заедно со наставникот излегуваат во училишниот двор и ја набљудуваат околината. Набројуваат предмети кои ги забележуваат. Тие одговараат на поставените прашања:

1. Кои предмети се поблиску до вас?
2. Кои предмети се подалеку од вас?
3. Што мислите, дали училишниот двор е затворен простор? Зошто?
4. Што за вас претставува отворен простор?

Учениците даваат одговори по сопствено размислување.

**Игра „Картонски кутии“** (предлог за дополнителна активност)

Учениците користат картонски кутии со различни големини, кои имаат доволен простор за учениците да можат да влезат во нив и да го почувствуваат просторот. Кога се затвораат кутиите, внатре е темно, а кога се отвораат е светло.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење (25 минути)**

Наставникот покажува ликовни творби со цел да објасни што значи блиску/далеку и внатрешен /надворешен простор преку кои заедно со учениците доаѓа до сознание што значи блиску/далеку односно внатрешен/надворешен простор.

- Ако сите фигури на цртежот се со иста големина тогаш имаме претстава дека сите се еднакво оддалечени. Доколку фигурите се со различна големина, притоа на цртежот се претставени по редослед, во првиот план е поголем објектот, а во втор план е помал објектот.Тогаш добиваме претстава дека некои се блиску, а некои се далеку. ( стр. 5 од работни листови)



**Големите** фигури изгледаат како да се **поблиску,** а **малите** фигури како да се **подалеку**. Наставникот објаснува дека доколку сакаме да претставиме фигура која е блиску ја цртаме со поголеми димензии. Другите фигури се цртаат со помала димензии за да бидат преставени подалеку.

Наставникот користи примери преку кои учениците ќе можат да воочат внатрешен (затворен) и надворешен (отворен) простор.

**Внатрешен** или затворен простор е направен од човекот за да му послужи за одредена намена. **Надворешен** или отворен простор е оној простор во кој се движат: човекот, животните, автомобилите, ветерот и облаците, авионите итн





**Винсент Вилем ван Гог**

Преку техниката Бура на идеи од учениците се бара да набројуваат примери од секојдневниот живот за внатрешен и надворешен простор.

Учениците добиваат насока да го поделат листот на половина со повлекување на вертикална линија. На

едната половина да претстават внатрешен, а на другата надворешен простор. Следи самостојна работа по сопствена идеја.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок (5 минути)**

Изложување на ликовните творби, разгледување и споредба на истите по однос на претставувениот **внатрешен** и **надворешен** просторот во ликовните творби.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најитересна? 3. Зошто токму таа активност ви е најитересна? Зошто ова што го научивме е важно, што ќе се случи ако предметите ги прикажеме несоодветно?

**СРЕДСТВА**

Примери на слики од Ван Гог од интернет, молив, блок бр. 3.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот за простор (**блиску/далеку**);
- Практичната активност за време на час (учество во активностите);
- Учеството во анализа  на заеднички творби по однос на просторот **(внатрешен/наворешен).**

Според стандардот за оценување **Создава претстава за просторот (блиску/далеку, внатрешен/наворешен**) наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- Објаснува за простор (**блиску/далеку**).
- Воочува внатрешен (**надворешен простор).**
- Анализира цртежи на соучениците по однос на просторот (блиску/далеку).
- Анализира цртежи на соучениците по однос на просторот **(внатрешен/наворешен).**

*Според ова секој наставник може да изработи чек листа за следење на напредокот на ученикот.

**Меѓупредметна интеграција** со предметот македонски јазик наставна содржина „Усно и писмено изразување и творење“. Учениците на часот по македонски јазик усно/писмено се изразуваат/творат на тема: Просторот околу мене според сопствениот цртеж кој го креирале на часот по ликовно образование.

## Дванаести час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во **цртањето**: (контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Воочува ритам во природата и самостојно го применува во цртањето**.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА  АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата** (7 минути)

Учениците во училишниот двор уочуваат каде има повторување на линии, форми и бои и објаснуваат. (Колку лисја на едно дрво имаат иста форма? Колку растенија во училишниот двор имаат иста боја? На кој плод се повторуваат исти линии?)

Можни одговори на учениците:
1. Исти форми на цветови.
2. Повторување на иста боја на растенијата.
3. Сите лисја на едно дрво имаат иста форма.
4. Наредени исти дрвја едно до друго – дрворед.
5. Повторување на линии на шишарка, итн.



**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење** (25 минути)

Наставникот демонстрира ликовни творби на кои е претствен ритам на линии, форми и бои во природата. Објаснува дека повторувањето на форми и бои со ликовен јазик се нарекува ритам на форми и бои.Учениците одредуваат и дискутираат за ритам на линии, бои и форми на секоја ликовна творба.



**Наставникот објаснува за ритам на форми и бои.**
Ритам на линии, форми и бои може да се забележи насекаде околу нас во природата. Пример: ритам на форма на цветови, ритам на форма на дрвја, ритам на боја и форма на капки дожд, ритам на линии на плодови, пример пченка, пченица, ритам на линии на телото на рибите, итн.
Наставникот демонстрира клас од пченка и поттикнува дискусија:
- Каков ритам забележувате на пченката?

Можни одговори на учениците:



1. Ритам на линии, ритам на форма, ритам на бои.

Учениците цртаат на мотив „Пченка“ или „Есенски лисја во парк“ на лист од блок, со туш и перо, користејќи ритам на линии, форми и бои.





Подлогата може да биде жолт или портокалов картон или лист.



**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок** ( 8 минути)
Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на користењето на ритам на линии, форми и бои. При анализа на творбите го воочуваат претставениот ритам во природата.
**РЕФЛЕКСИЈА**
Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најитересна? 3. Што научивте?
**СРЕДСТВА**
Блок број 3, молив, туш, туш во боја (црн, жолт и портокалов) перце, картон.
**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**
- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците во однос на користените подлоги, средства и материјали кои ги користеле.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на сопствената ликовна творба со примена на ритам на линии, бои и форми.

- Анализа на изработените ликовни творби во однос на примена на ритам на линии, форми и бои.

Според стандардот за оценување **разликува цртежи според подлогите, средствата и материјалите кои ги употребува**, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- Објаснува за ритам.
- Примена на ритам на линии, бои и форми.
- Правилно комбинира подлога со цртачки материјал туш и перо.
- Анализира цртежи на соучениците по однос на примена на ритам на линии, форми и бои.

*Според ова секој наставник може да изработи чек листа за следење на напредокот на ученикот.




**Меѓупредметна интеграција**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

- со предметот математика преку активноста цртање на исти 2Д форми со линијар шаблон.
- при учење за парни и непарни броеви, каде броевите ги запишуваат во исти форми и редат на пано.

## II ТЕМА: СЛИКАЊЕ

**Ликовно образование за III одделение**

### Тринаесети час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Подлоги, средства, техники и материјали за сликање: (темперни бои, водени бои, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж/микс медија)

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Споредува слики и прави разлика меѓу нив во однос на употребените материјали и техники.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата (10 минути)**

Учениците следат фотопрезентација за познатите светски сликари Рембрант, Да Винчи, Микеланџело, Ван Гог, Пикасо и се запознаваат со нивните позначајни достигнувања.



**Рембрант Харменс ван Рijн** познат холандски сликар. Работата на овој уметник е врвот на холандската уметност од 17 век.



**Леонардо да Винчи** познат италијански ренесансен архитект, инженер, вајар, уметник, сликар, изумител, ботаничар и астроном. Тој сакал да знае сѐ за природата, односно како таа работи. Леонардо бил многу добар во проучување, дизајнирање и изработка на секакви интересни работи. Најпознат е по неговите слики како Мона Лиза и други.



**Микеланџело ди Лудовико Бонароти** Симони, попознат само како Микеланџело — италијански ренесансен вајар, сликар, архитект, поет и

инженер кој имал големо влијание врз развојот на западната уметност. Бил современик на Леонардо да Винчи.



**Винсент Вилем ван Гог** бил холандски сликар, чии дела имале големо влијание врз уметноста во XX век, поради живите бои и отсликувањето на чувствата. Денес, тој се смета за еден од најголемите сликари во историјата и има значаен придонес во почетоците на современата уметност.



**Пабло Пикасо**, формално **Пабло Луис Пикасо** шпански сликар, кој се смета за еден од најголемите мајстори на сликарството во XX век. Тој е најпознат како основач на кубизмот. Познати негови слики се: „Госпоѓиците од Авињон“, „Герника“ и други.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење (25 минути)**

Учениците се поделени во мали групи. Наставникот дава насоки учениците на компјутер да ги разгледуваат слики од претходно наведените сликари и да направат споредба и разлика на сликите кои ги разгледуваат според материјалите од кои се изработени и техниките кои се употребени.





- Првата група на компјутер разгледуваат слики од холандски сликар Рембрант.
- Втората група на компјутер разгледуваат слики од познат италијански вајар, уметник, сликар Леонардо да Винчи.
- Третата група на компјутер разгледуваат слики од италјанскиот сликар Микеланџело.
- Четвртата група на компјутер разгледуваат слики од холандски сликар Ван Гог.













- Последната или петата група на компјутер разгледуваат слики од шпански сликар Пабло Пикасо.

Презентација на групната работа. Секоја група се искажува по сопствено видување за ликовниот автор што го има истражувано во однос на употребените материјали и техники според кои се изработени сликите.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок**

Сите ученици добиваат работен лист од материјали за учење стр.18. Наставникот дава насоки за изработка на работниот лист со цел да се провери дали учениците умеат да прават разлика во однос на употребените материјали и техники.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2.Кој сликар ви остави најголем впечаток и зошто? 3.Кои сликарски материјали и техники беа најкористени во нивните слики кои ви беа презентирани?

**СРЕДСТВА**
Слики од светски познати сликари, компјутер, видео бим, работен лист(материјали за учење), молив и тетратка.
**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**
- Усните одговори на прашања поставени од наставникот за материјалите и техниките од кои е изработена сликата;
- Практичната активност за време на час (учество во активностите);
- Учеството во анализа на заеднички творби во однос на употребените материјали и техники.

Според стандардот за оценување **споредува слики и прави разлика меѓу нив во однос на употребените материјали и техники** наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве активности:
- Објаснува за материјалите и техниките од кои е изработена сликата.
- Набројува од кои материјали се изработени сликите.
- Ги воочува техниките кои се употребени.
- Анализира изработки на соучениците со цел да прави разлика меѓу нив во однос на употребените  материјали и техники.

Пример за чек листа

| | Објаснува за материјалите и техниките од кои е изработена сликата. | Набројува од кои материјали се изработени сликите. | Ги воочува техниките кои се употребени | Анализира изработки на соучениците со цел да прави разлика меѓу нив во однос на употребените материјали и техники. |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме на ученикот | | | | |
| Материјалот е целосно усвоен √ | Материјалот е делумно совладан + | Материјалот не е совладан ? | | |

*Според ова секој наставник може да изработи чек листа за следење на напредокот на ученикот.

Меѓупредметна интеграција со предметот македонски јазик. На часот по македонски јазик имаат задача писмено да опишат на дадена тема: „Слика која ми остави најголем впечаток“.

## Четиринаести час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**
Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација)
**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**
**Прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои.**
**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**
**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата** (10 минути**)**



Учениците преку игра „Формирај круг“ ги откриваат примарните бои (црвена, сина, жолта) и секундарните бои (потрокалова, зелена и виолетова). Наставникот покажува предмети во различни примарни и секундарни бои. Учениците добиваат насока во првиот круг да ги поставаат предметите кои се обоени од примарни бои, а во вториот круг да ги наредат предметите кои се обоени од секундарни бои.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ- искуствено учење** (25 минути)
**Вежба:**



Наставникот насочува дискусија во мали групи за поделба на примарни и секундарни. Секоја група добива ленти со примарни и секундарни бои. Учениците добиваат задача да ги групираат примарните и секундарните бои и да дискутираат за истите.
Тој нагласува дека со мешање на примарните бои (црвена, сина, жолта) се добиваат секундарни бои.



- Со мешање на црвена и жолта се добива портокалова боја.
- Со мешање на црвена и сина се добива виолетова боја.
- Со мешање на сина и жолта се добива зелена боја.

Наставникот преку презентирање на слики и прашања ја поттикнува нивната фантазија за нивната детска соба од соништата. (colourful children room)
Учениците добиваат насока да користат темперни бои при создавање на ликовната композиција, да сликаат на мотив „Шарена соба“, со темпера техника користејќи боја, единство во бојата и големина.



Создаваат ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои и контраст со боја.
**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок** (5 минути**)**
Изложба на цртежите, разгледување и естетска анализа на истите во однос на употреба на примарни и секундарни бои и контраст со боја.
**РЕФЛЕКСИЈА**
Се води дискусија по прашањата 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најитересна? 3. Каков би бил светот без бои? Како боите делуваат на нас? Која боја ви е омилена?
**СРЕДСТВА**
Блок број 3, молив, темпера, четка со разни дебелини и подлога за сликање.
**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици како се добиваат секундарните бои;
- Практичната активност за време на час (учество во активностите);
- Учеството во изработката на индивидуални творби.
- Анализира цртежи на соучениците во однос на комбинацијата на примарните и секундарните бои.

Според стандардот за оценување **прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои** наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- Објаснува за примарни и секундарни бои.
- Опишува како се добиваат секундарните бои.
- Правилно комбинира примарни бои.
- Анализира цртежи на соучениците во однос на комбинацијата на примарните и секундарните бои.

*Според ова секој наставник може да изработи чек листа за следење на напредокот на ученикот.

Меѓупредметна интеграција со предметот македонски јазик преку активноста писмено да раскажуваат на тема по фантазија ,,Шарена соба од мојот сон“ според креираниот цртеж.

## IV ТЕМА: ПЕЧАТЕЊЕ, ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ



### Петнаести час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Дизајн и визуелни комуникации - средства, материјали, техники, постапки и елементи: (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, амбалажа, оригами, илустрација, фотографија, корица за книга, постер, плакат, визуелни комуникации, визуелен знак, естетска проценка)

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Дизајнира корица за книга, постер и плакат, самостојно или во групи.**
**Создава дизајн преку постапки на лепење, составување, врзување и сл. при што предметите го изменуваат правобитниот изглед.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата** (5 минути)
Учениците преку мултимедијална презентација или од интернет (100+ New Poster Ideas, Examples & Templates - Venngage Gallery) се запознаваат со разни дизајни на корица од книга, постер и плакат. При тоа разликуваат постер, плакат и корица од книга. Преку отворена дискусија објаснуваат која е разликата меѓу плакат, постер и дизајн на книга според своите претходни знаења.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење** (30 минути)
Учениците во мали групи добиваат сложувалки од постер, плакат и корица од книга и треба да ги состават и да определат дали е плакат, постер или корица од книга.
Наставникот објаснува:
Обликувањето на надворешниот изглед на нештата се нарекува **дизајн**.










**Визуелна комуникација** е комуникација преку она што го гледаме. Визуелните комуникации се оние кога човекот комуницира преку книги, плакати, постери, списанија, огласи, стрипови и други средства за визуелна комуникација. **Плакатот и постерот** се средства за размена на информации и идеи. Во постерот има текст и слики и директно пренесува визуелни пораки. Така за секој концерт, производ, кампања, фестивал и сл. има постер кој не известува за настанот преку слики и текст. Во денешно време постерите се изготвуваат со помош на компјутерски програми за таа намена.
**Кориците** на книги го привлекуваат читателот кој препознава и одбира содржината што сака да ја чита. Затоа дизајнот на корицата на книгите е многу значаен при одлучување на читателот за избор на книга.
Во овие средства на визуелна комуникација се применуваат формата, линијата, тонска градација, боја, ритам, контраст односно сите ликовни елементи. Плакатот и постерот се слични, но имаат ѝ некои разлики.
**Постер** е печатена слика, понекогаш со текст, но може да биде и реклама.


















**Плакатот** е известување
или информација, ставени на голем лист хартија или табла и прикажани во јавност. Може да има слика, но може да биде и без слика. На учениците им се покажуваат примери од изработени корици за книги од ученици од претходни години, постери и плакати заради поголема мотивација.

Учениците дизајнираат корица за книга, постер и плакат во мали групи. Секоја група добива задача да изработи еден дизајн преку постапки на лепење, составување, врзување и сл. Мотивот го избираат сами во групата.

- Прва група – дизајн за корица за книга.
- Втора група – постерот го работат на компјутер или таблет. Може да изработат и повеќе постери.
- Трета група – плакат.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок** (5 минути)

Секоја група излегува и ги презентира своите изработки. Учениците од другите групи даваат свои мислења за успешноста во изработката на дизајн на корица на книга, постер и плакат. При анализата кажуваат и кои од изучените ликовни елементи се применети.




**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1.Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најитересна? 3. Што научивте?

**СРЕДСТВА**

Големи хамери во боја, разни материјали ( весници, списанија, колажна хартија, темперни бои, мрсни бои, фломастери и друго по избор на учениците), прибор за работа со хартија, компјутер или таблети.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- Практичната активност за време на час (учество во активностите);

❑ Изработените средства за визуелна комуникација (постер, плакат и корица за книга);
❑ Учеството во изработката на заеднички творби.

**Меѓупредметна интеграција**

- ❑ Меѓупредметна интеграција е можна со сите предмети при изучување на разни содржини. Пример изработка на постер за вселената при учење на содржини од природни науки. Значи една активност за двата предмета.



## II ТЕМА: СЛИКАЊЕ

### Шеснаести час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во **сликањето** (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација)

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата** ( 5 минути)

Учениците во училница имаат новогодишна елка и дискутираат според следниве прашања:



Каква е бојата на елката? Дали секаде е исто зелена? Зошто елката вообичаено се украсува со црвени лампиони? Каква е површината на стеблото на елката, а каква на лампионите? Кога елката ја украсувате со исти лампиони, како се вика тоа со ликовен јазик?

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење** ( 30 минути)

Наставникот демонстрира ликовни творби и поттикнува отворена дискусија за **контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам во неа.**

❑ Кога постепено се менува црвената боја од најсветла до најтемна нијанса, какви тонови на боја се добиваат? ( темно црвена, црвена, светло црвена, итн.**)** Тоа се вика **тонска градација.**




❑ Кога на цртежот се претставува нешто со тенка и дебела линија или црвена и зелена боја? Што се прикажува тогаш на цртежот? (**Контраст,** нешто спротивно, ..)

❑ Се она околу нас во кој се движиме се вика...... (**Простор** ) Тој се претставува на сликата, цртежот. Каков може да биде просторот? (отворен и затворен простор – учено на претходни часови). Каков е просторот каде сега се наоѓате?

❑ Каква може да биде површината на секој природен и вештачки материјал кој може да го видиме и претставиме на слика. (Може да биде мазна, рапава, тврда, мека површина.) Тоа со ликовен јазик се вика **текстура**.

Учениците преку отворена дискусија воочуваат каде на ликовната творба има ритам на бои и форми и објаснуваат ( учено на претходни часови).
Наставникот покажува бела темперна боја, водени бои, четки и прашува која сликарска техника може да се примени со овој сликарски материјал ( гваш техника) ?

Учениците сликаат на мотив „Новогодишни елки“ со бела темперна боја и водени бои, применувајќи техника гваш, користејќи боја, простор, контраст во боја и тонска градација.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок** ( 5 минути)

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на правилна примена на боја, простор, контраст во боја и тонска градација. Посебен акцент се става и на користената гваш техника.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најитересна? 3. Како ја претставивте рапавата текстурата на ликовните творби?

**СРЕДСТВА**

Сликарска подлога – бел лист од блок бр. 3, водени бои, бела темперна боја, четки, вода, палета за бои, дигитален и ученички цртежи.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците за контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам во ликовна творба;
- Практичната активност за време на часот за постапките и начинот на работа со гваш техника;
- Изработените ликовни творби;
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на другите ученички творби.

Според стандардот за оценување **ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам**, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- Разбира и објаснува за **контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам** во ликовна творба.
- Правилно користи постапките и начинот на работа со гваш техника.
- Анализира цртежи на соучениците по однос на користењето на приметата ликовна техника и примена на контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам.

* Според ова секој наставник може да изработи чек листа за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) интеграција преку активност по македонски јазик,преку активност кога се обработува текст или стихотворба за „Нова година“ и истата се ликовно се претставува според содржината.
б) интеграција со македонски јазик преку активност креирање на песна за Нова година според сопствената ликовна творба на мотив „Новогодишни елки“.



**Седумнаести час**

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**

Подлоги, средства, материјали, техники и постапки за пластично обликување и градење: (глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали, геометриски форми, плодови, длабење, гребење, перфорирање, каширање)

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

**Создава облици и градби од материјал што претходно бил употребен за други намени**.

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ - активирање на предзнаењата** (5 минути)

Се поведува разговор со учениците, со што ги украсуваат новогодишните елки.



Од кои материјали се изработени украсите? Дали на нивните елки ставаат украси кои самостојно ги изработуваат? Од кои се материјали може да се изработат украси? Наставникот ги информира учениците дека ќе се изработуваат Новогодишни украси од претходно употребени материјали.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење** (25 минути)

Секој ученик на училишната клупа изложува пластични шишиња, списанија, весници и метални тапи. Преку техниката Бура на идеи се добива одговор на прашањето: Што се можат да изработат од донесената амбалажа и истото да го искористат како Новогодишен украс? Учениците ги кажуваат своите идеи. Наставникот им најавува дека ќе изработуваат новогодишни украси од материјал што претходно бил употребен за други намени. Учениците во мали групи работат по сопствен избор, во зависност од материјалите што ги имаат донесено.

Наставникот дава насока правилно да обликуваат, градат, според Новогодишни мотиви по сопствен избор.

- Материјал за изработка на Новогодишни украси - ѕвезди: пластична амбалажа (шише од вода, кока-кола или сл), темперна боја, четки и конец.

Постапка за изработка на ѕвезди од пластични шишиња:

1. Сечење на долниод дел од пластичното шише со помош на наставник или шишето може да биде исечено претходно од дома.



2. Боење на ѕвездата со темперни бои по избор.
3. Правење на отвор и врзување на врвка.

- Материјал за изработка на Новогодишни елки од весници, хартија:



Постапка за изработка на елки од весници и списанија.

1. Весникот се обликува со виткање и се добиваат елки.



- Материјал за изработка на Новогодишни украс од метални тапи:

Постапка за изработка на Снешко од метални тапи:

1. Тапите се лепат една до друга вертикално. На најгорната тапа со помош на флoмастер се цртаат (очи, уста, ност ...). Снешкото се декорира. Од сатенска лента и копчиња или волница се прави шалче и капче.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ - извлекување заклучок (10 минути)**



Изложување на изработките од материјал што претходно бил употребен



за други намени. Пота следи разгледување и анализа на готовите изработки во однос на прецизноста, педантноста, креативноста. Се води дискусија по прашањата: 1.Што правевме денес? 2 Која активност ви беше најитересна? 3. Кои новогодишни украси би ги изработиле уште еднаш?

**СРЕДСТВА**

Пластични шишиња, капачиња од шишиња – метални и пластични, стари весници и списанија, темперна боја, четки, копчиња, лепак, волница, стапчиња и друг материјал кој имал друга намена.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- Практичната активност за време на час (учество во активностите);
- Изработените ликовни творби  со градење;
- Учеството во изработката на заеднички творби.

Според стандардот за оценување **Создава облици и градби од материјал што претходно бил употребен за други намени** наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- Објаснува како се создаваат облици и градби од матерјали што претходно биле употребени;
- Опишува како се изработуваат новгодишните украси;
- Правилно комбинира матерјали;
- Анализира изработки на соучениците со цел да воочи како се создаваат облици и градби од материјали што претходно биле употребени.

*Според ова секој наставник може да изработи чек листа за следење на напредокот на ученикот.

## II ТЕМА: СЛИКАЊЕ

**Ликовно образование за III одделение**

### Осумнаесети час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација)

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ- активирање на предзнаењата** ( 10 минути)

Наставникот поттикнува игра **Погоди со ликовен јазик, што е?** Ученикот кој ќе го погоди запишаниот поим го става под ликовната творба каде е применет ликовниот елемет или принцип и објаснува преку примери. (Претходно наставникот подготвува и изложува на пано, ликовни творби каде ги има овие ликовни елементи и ликовни принципи).

| | | | |
|---|---|---|---|
| Постепено менување на бојата од најсветла до најтемна нијанса на бојата е ... (**тонска градација**) | Нешто спротивно Дебела и тенка линија, бела – црна боја, црвена – зелена боја, жолта – виолетова,... (**контраст**) | Се она околу нас во кој се движиме. Има отворен и затворен. (**простор**) | Површината на секој природен и вештачки материјал кој може да го видиме и претставиме на слика. Може да биде мазна, рапава, тврда, мека површина. (**текстура)** |

### Пример за играта



**тонска градација на сина**

**контраст**
**бел снешко – црна капа**

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ - искуствено учење** ( 25 минути)

Наставникот поттикнува отворена дискусија.





Ученички ликовни творби од ученици од III б одделение од ООУ „Браќа Миладиновци“ Аеродром, Скопје

Каде е претставена тонска градација, постепено менување на бојата на овие две творби? (бојата на небото – темно сино до посветли нијанси на сино)
Каде има спротивност (контраст) на бои, форми или линии? (црвени плодови и зелени лисја)
Каде се движи кучето? ( во просторот, низ шумата)
Каква е текстурата на дрвјата? (рапава)

Учениците поставуваат прашања, одговараат за текстурите, контрастот на бои, тонската градација на бои и ритамот кој е претставен на цртежот. За ритам беше објаснето во претходните часови. Наставникот поставува прашање: На кој цртеж има ритам на бои и форми и кои? (ритам на зелена боја, ритам на формата на дрвјата, итн.)
Учениците сликаат на мотив „Зима“, со примена на темпера техника(само бела, сива и црна боја), користејќи контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам.
За ликовната композиција се употребуваат ладни и топли бои и ахроматски бои.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ- извлекување заклучок** ( 5 мниути)

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите по однос на правилна примена на боја, простор, контраст во боја и тонска градација. Посебен акцент се става и на користената темпера техника.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата 1.Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најитересна? 3. Што научивте? Каде ова што го научивте ќе го примените? Што друго би сакале да сликате?

## СРЕДСТВА

Сликарска подлога – бел лист од блок бр. 3, темперни бои, четки, вода, палета за бои, ученички цртежи.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Изработените ликовни творби;
- Учеството во изработката на сопствените творби.
- Ученичка анализа на ликовните творби по однос на користењето на приметата ликовна техника и примена на контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам.

Според стандардот за оценување **ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам**, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- Разбира и објаснува за **контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам** во ликовна творба.
- Правилно користи постапките и начинот на работа со темпера техника.
- Анализира цртежи на соучениците по однос на користењето на приметата ликовна техника и примена на контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам.

* Според ова секој наставник може да изработи чек листа за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот техничко образование и информатика преку активност истата ликовна творба да ја вметнат во мултимедијалната презентација.
- Со македонски јазик, да состават песна според сопствената ликовна творба „Зима“ и вметнат во мултимедијалната презентацијата.

## Ликовен јазик

- Простор е се она што не опкружува, се до каде што допира погледот е простор.
- **Надворешен** или отворен простор е оној простор во кој се движат: човекот, животните, автомобилите, ветерот и облаците, авионите итн.
- **Внатрешен** или затворен е оној простор каде човекот работи, учи, живее. Може да биде кино, соба, театар, училница, стан,.....
- Ако сакаме некои фигури на сликата да изгледаат поблиску треба да бидат поголеми, во однос на другите форми.
- **Големите** фигури изгледаат како да се **поблиску,** а **малите** фигури како да се **далеку**.




**1.** Разгледај ги внимателно ликовните творби и поврзи каде е претставен отворен, а каде затворен простор. Зошто поголемите форми на творбите изгледаат поблиску? Дали тие во реалноста се поголеми? Зошто?





**ЗАТВОРЕН ПРОСТОР**

**ОТВОРЕН ПРОСТОР**





# РИТАМ НА ЛИНИИ, БОИ И ФОРМИ



**Ликовен јазик**

- Повторувањето на бои, форми и линии го има насекаде околу нас. Во музиката се повторуваат тоновите во една музичка вежба. Деновите, месеците се повторуваат, итн.
- **Ритам** – повторување
- Ритам на линии, бои и форми значи повторување на исти линии, форми и бои.



Ритам на форми

**1.** Разгледај ги внимателно ликовните творби и одреди каде има ритам на линии, ритам на форми или ритам на бои. Во една ликовна творба може да ги има сите заедно. Заокружи.



- ритам на линии
- ритам на форми
- ритам на бои



- ритам на линии
- ритам на форми
- ритам на бои



- ритам на линии
- ритам на форми
- ритам на бои



- ритам на линии
- ритам на форми
- ритам на бои

## Ликовен јазик

- Правилното и рамномерно повторување на еден или повеќе елементи во одреден простор е ритам.
- Може да има повторување на исти форми, бои, линии,...
- Ритам во природата може да биде повторување на форми и бои на лисја, дрвја, капки дожд итн.



**1.** Доврши го ритамот во цртежите.





**РИТАМ ВО ПРИРОДАТА**



## Ликовен јазик

- Светски познати сликари низ историјата кои оставиле големи и значајни уметнички дела се: Рембрант, Да Винчи, Микеланџело, Ван Гог, Пикасо и други.



Two Cottages by Rembrandt 1636. Courtesy of The Metropolitan Museum.

**1.** Разгледај ги сликите од светските уметници и процени кои материјали и техники се користени.



Roses by Vincent Van Gogh, 1890. Courtesy of National Gallery of Art, Washington.



Piccaso, Arlecchino pensoso, quadro di Pablo Picasso del 1901. Analisi dell'opera



Sunflowers.Van Gogh style imitation.



Leonardo da Vinci& 39;s Portrait of Mona Lisa del Giocondo (between 1503 and 1506) famous painting. Original from Wikimedia Commons.

Ликовен јазик

- Примарни (жолта, црвена и сина) и секундарни бои (зелена, виолетова и портокалова).
- Ладни бои се: сина, виолетова и зелена боја, а топли бои се црвена, жолта и портокалова боја.
- Контрасни бои – зелена и црвена боја, виолетова и жолта боја, сина и портокалова боја.
- Ахроматски бои – црна боја, бела боја и нијанси на црно- бела боја.



Colorful facades of old medieval houses over a canal in Venice, oil painting, Ван Гог

1. Разгледај ги сликте од светските уметници, процени и заокружи кои бои се користени.



**Picasso**

- **Примарни: жолта, црвена и сина.**
- **Секундарни бои: зелена, виолетова и портокалова.**
- **Ладни бои: сина, виолетова и зелена боја.**
- **Топли бои: црвена, жолта и портокалова боја.**
- **Контрасни бои – зелена и црвена боја, виолетова и жолта боја, сина и портокалова боја.**
- **Ахроматски бои**



**Venetian canal with old medieval houses, digital imitation of Van Gogh painting style**

- **Примарни: жолта, црвена и сина.**
- **Секундарни бои: зелена, виолетова и портокалова.**
- **Ладни бои: сина, виолетова и зелена боја.**
- **Топли бои: црвена, жолта и портокалова боја.**
- **Контрасни бои – зелена и црвена боја, виолетова и жолта боја, сина и портокалова боја.**
- **Ахроматски бои**

## Ликовен јазик

- **Тонска градација** е постепено менување на бојата од најсветла до најтемна нијанса на боја.
- **Контраст** е нешто спротивно. Пример: дебела и тенка линија, бела – црна боја, итн.
- **Простор** е со она околу нас во кој се движиме. Тој се претставува на сликата, цртежот. Има отворен и затворен простор.
- **Текстура** е површината на секој природен и вештачки материјал кој може да го видиме и претставиме на слика. Може да биде мазна, рапава, тврда, мека текстура (површина).



1. Анализирај ги творбите и заокружи кој или кои ликовни елементи се претставени: контраст, простор, тонска градација, текстура или ритам.



- контраст
- простор
- тонска градација
- текстура
- ритам

- контраст
- простор
- тонска градација
- текстура
- ритам





- ❑ контраст
- ❑ простор
- ❑ тонска градација
- ❑ текстура
- ❑ ритам



- ❑ контраст
- ❑ простор
- ❑ тонска градација
- ❑ текстура
- ❑ ритам



- ❑ контраст
- ❑ простор
- ❑ тонска градација
- ❑ текстура
- ❑ ритам



- ❑ контраст
- ❑ простор
- ❑ тонска градација
- ❑ текстура
- ❑ ритам

## НОВОГОДИШНИ УКРАСИ



- Изработка на новогодишна елка и украси од материјал што претходно бил употребен за други намени.
- Потребен материјал: стар картон, лепило, ножици, темперни бои, четки, топки од пластика, пластични шишиња, капачиња од шишиња, тркалезни памукчиња, и сл.



**1.** Разгледајте ги фотографиите и направете Новогодишни елки и украси од материјал кој претходно имал друга намена.









**Ученички ликовни творби од ученици од III б одделение од ООУ „Браќа Миладиновци“ Аеродром, Скопје**













**Новогодишни ликовни творби од ученици од одделенска настава од ООУ „Браќа Миладиновци“ Аеродром, Скопје**

## Ликовен јазик

- Обликувањето на надворешниот изглед на предметите се нарекува **дизајн**.
- **Визуелните комуникации** се оние кога човекот комуницира преку книги, плакати, постери, списанија, огласи, стрипови и други средства за визуелна комуникација.
- **Плакатот и постерот** се средства за размена на информации и идеи. Во постерот има текст и слики и директно пренесува визуелни пораки. Така за секој концерт, производ, кампања, фестивал и сл. има постер кој не известува за настанот преку слики и текст. Во денешно време постерите се изготвуваат со помош на компјутерски програми за таа намена. Плакатот и постерот се слични, но имаат ѝ некои разлики. **Плакатот** е известување или информација, ставени на голем лист хартија или табла и прикажани во јавност. Може да има слика, но може да биде и без слика.




**Постер изготвен со компјутерски програми.**

**1.** Кој дизајн од корица од книгиве најмногу ве привлекува? Која книга би ја прочитале од дадениве? Заокружи ја и објасни зошто?










______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

**2.** Кои ликовни елемти се применети на плакатот? Заокружи.

- форма
- линија
- тонска градација
- боја
- ритам
- контраст



## Активности

**1.** Одреди што е постер, дизајн за корица за книга или плакат.










- ❑ постер
- ❑ плакат
- ❑ дизајн за корица за книга

- ❑ постер
- ❑ плакат
- ❑ дизајн за корица за книга

- ❑ постер
- ❑ плакат
- ❑ дизајн за корица за книга

**2.** Кои сликарски техники се користени при изработка на овие цртежи?





- ❑ гваш техника
- ❑ акварел техника
- ❑ темпера техника

- ❑ гваш техника
- ❑ акварел техника
- ❑ темпера техника

## Деветнаесетти час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) комплементарни парови

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Прави разлика помеѓу оригинална творба и репродукција.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (10 минути)

Наставникот покажува оригинална творба од ученик, ја меморира на дигитален фотоапарат и ја печати. Учениците дискутираат за разликите помеѓу оригиналната творбаи испечатената ликовна творба (репродукција).

1. Која е разликата? 2. Дали репродукцијата ги има истите ликовни елементи како и оригиналната ликовна творба? 3. Со кои сликарски техники е направена оригиналната ликовна творба? 4. Како  направивме репродукција на оригиналната ликовна творба?

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (25 минути)

- Учениците споредуваат оригинална творба и нејзина репродукција на однапред подготвена презентација од страна на наставникот и ги воочуваат разликите помеѓу оригиналните дела (од македонски познати сликари) и нивните репродукции. Наставникот накратко ги запознава со најпознатите македонски сликари и со нивните најпознати уметнички дела (Миле Корубин, Лазар Личеноски, Глигор Чемерски, Петар Мазев, Омер Калеши и Борко Лазески).
- Наставникот демонстрира оригинално сликарско дело и нејзина репродукција и дава свое објаснување за двете дела. Уметничко дело е **оригинална** или лична творба на сликарот, која може да биде изработена на разни подлоги, на пример: бетон (ѕид), хартија, платно, дрво, стакло, глина, бакар и други сликарски подлоги. Оригиналноста на делото се однесува на тоа што е резултат од инспирацијата на авторот и создава чувство на оригиналност и нешто ново. **Репродукцијата** е копија на оригиналното дело, која може да биде направена на разни начини. Репродукциите не можат да го заменат оригиналното дело.
- Учениците, поделени во мали групи, следат фотопрезентација (претходно подготвена од наставникот) на слики и репродукции на познати македонски сликари. (Доколку има услови во секоја група треба да има таблет или компјутер).
  Предлог-сликари: Петар Мазев, Борко Лазески.

1. Кое дело повеќе ви се допаѓа?
2. Какви разлики забележувате помеѓу двете слики?
3. Што е заедничко во двете дела?
4. Кои сликарски техники се користени?
5. Кој сликарски материјал го користел сликарот Петар Мазев?



**Петар Мазев, оригинално дело**



**Петар Мазев, репродукција**



**Борко Лазески, *Подем*, витраж оригинално дело**



**Борко Лазески, репродукција**

1. Каков сликарски материјал (стакло во боја – витраж) користел сликарот Борко Лазески?
2. Како вие би насликале (направиле) репродукција на оригиналното дело на Борко Лазески?

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**

Наставникот поттикнува дискусија:

1. Која е разликата меѓу оригиналната ликовна творба и репродукцијата? 2. Дали репродукцијата ги има истите ликовни елементи како во оригиналната ликовна творба? 3. Кои сликарски техники беа користени од сликарите на делата кои ги анализиравте? користевте? 4. Како се прави репродукцијата на оригиналната ликовна творба?

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Зошто ова што го научивме е важно? 3. Кога ќе купувате уметничка слика, како ќе препознаете дали е оригинал или репродукција?

**СРЕДСТВА**

Примери на слики од интернет на Петар Мазев, Омер Калеши, Борко Лазески и други познати сликари од Македонија, фотопрезентација (подготвена од наставникот) на оригинални сликарски дела и нивни репродукции.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот за оригинал и репродукција.
- Активноста за време на часот при работата во мали групи.
- Учеството во анализата на оригиналните уметнички слики и нивните репродукции.

Во согласност со стандардот за оценување: **Прави разлика помеѓу оригинална творба и репродукција,** наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да знаат да објаснат за оригинална слика и нејзина репродукција.
- Да се обидуваат да разликуваат оригинално дело и репродукција**.**
- Да споредуваат оригинално сликарско дело и репродукција.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**Меѓупредметна интеграција**

Меѓупредметната интеграција може да се направи со предметот Македонски јазик преку активноста опишување оригинално сликарско дело кое најмногу им се допаѓа. (Што е претставено на сликата? Зошто го избра ова уметничко дело? и сл.)

Предлог за други активности

- Учениците се обидуваат да создадат репродукција на една од презентираните слики на познатите сликари со користење сликарски ликовни материјали по избор и така практично ќе ја забележат разликата помеѓу оригиналното сликарско дело и репродукцијата.
- Изложба и анализа на репродукциите од учениците.

1. Која е разликата меѓу оригиналната ликовна творба и репродукцијата која вие ја изработувавте? 2. Дали репродукцијата ги има истите ликовни елементи како во

оригиналната ликовна творба? 3. Кои сликарски техники ги користевте? 4. Како ја направивте репродукцијата на оригиналната ликовна творба?



## Дваесетти час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовен јазик во пластичното обликување и градење (тридимензионална форма, простор, текстура, детали, движење, ритам, насока, споменик, скулптура, биста, фонтана, фигура, макета, композиција, детаљ, целина, текстура)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Обликува и гради тридимензионални форми.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (7 минути)

Изложените предмети од глина, мермер, бронза, пластелин и сл., учениците ги забележуваат и ги опишуваат според **формата, обликот и контраста** (Според условите во училиштето, може да се земат и творби на ученици од други одделенија од наставникот по Ликовно образование.).

**Пример:**






(Од какви форми е направено зајачето? Кој предмет од глина има контраст? Кои предмети од понудените имаат сличен облик? Наброј кои се.)

Можни одговори на учениците:

1. Кружна форма, ушите имаат форма на конус, главата има форма на топка, очите имаат форма на круг, рацете имаат тркалезна форма итн.)
2. На главата од девојчето има контрасти на бои: зелена – црвена, жолта – сина, бела – црна...)
3. Сличен облик имаат предметите од глина на децата и девојчето, нивните глави, нивните очи, нос и усти…

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (25 минути)

Наставникот прикажува биста на познатиот руски композитор Петар Илич Чајковски од кого често слушаат музички композиции и поставува поттикнувачки прашања:



1. На што е поставено ова тридимензионално дело? (Можни одговори на учениците: на столб во форма на квадар, нешто како кутија од дрво...)
2. Кои делови од човекот се претставени? (Можни одговори на учениците: глава, врат, рамења и гради)?
3. Од какви материјали е направено? (Можни одговори на учениците: глина, гипс, дрво, мермер...)?

- Заеднички заклучок. Биста е тридимензионална форма поставена на мал постамент (подлога на која стои бистата, споменикот итн.). Го претставува горниот дел на човечкото тело (глава, врат, рамења и гради). Материјали од кои се прави бистата се: глина, мермер или бронза.
- Учениците обликуваат на мотив „Биста“, со пластелин или глина, користејќи форма, облик, контраст. Бистата ја прават според сопствен избор – на другарче, од изложените и прикажани бисти, на девојче, на момче и сл. За изработка на дадената активност, учениците работат во парови, при што вниманието го насочуваат кон формата, обликот и контрастот.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (8 минути)

Изложување на бистите, разгледување и анализа на истите во однос на користењето форма, контраст и облик. При анализа на творбите, ја опишуваат и техниката на работа со глина.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Што научивте? 3. На која потешкотија наидовте додека работевте? 4. Како работевте во пар? (Соработувавте, прифаќавте идеи на соученикот...)

## СРЕДСТВА

Глина, алатка за обликување глина, бисти од познати автори, бисти изработени од соученици од училиштето, разни предмети од глина, гипс и сл. (според условите во училиштето или фотографии од интернет), картон.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците во однос на користените подлоги, средства и материјали кои ги користеле.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на сопствената ликовна творба со примена на форма, контраст и облик при изработката на биста од глина.
- Анализата на изработените ликовни творби во однос на примената на форма, контраст и облик.

Во согласност со стандардот за оценување: **Обликува и гради тридимензионални форми**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да знаат да објаснат за бистата како тридимензионално дело.
- Да применуваат форма, контраст и облик при изработка на биста.
- Правилно да користат глина при обликување биста.
- Да ги анализираат изработените бисти од соучениците според примената на форма, контраст и облик.

* Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**Меѓупредметна интеграција**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

- со предметот Музичко образование преку наведувањето на најмалку еден композитор од класичната музика и истиот да го видат. На пример, кога учениците слушаат музика од П. И. Чајковски (Чајковски: *Оревокршачка*, *Лебедово езеро – Танцот на малите лебеди*, вовед во балет), може да им се покаже на слика биста од Чајковски, биста од Сергеј Прокофјев, биста од Антонио Вивалди и други.



**Биста на А. Вивалди**



## Дваесет и први час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) комплементарни парови

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Прави разлика помеѓу оригинална творба и репродукција.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (10 минути)**

Учениците следат презентација со фотографии (повеќе уметнички дела) од познатите македонски и светски сликари: Лазар Личеноски, Омер Калеши и Никола Мартиноски и се запознаваат со нивните позначајни достигнувања.



Лазар Личеноски е еден од основоположниците на современата македонска уметност. Тој е еден од најавтентичните сликари на македонскиот пејсаж во кој внесувал и фолклорни елементи. Слика мртви природи, портрети и е автор на мозаици.



Никола Мартиноски е истакнат македонски уметник и академик, една од најважните личности за развојот на македонската култура во XX век. Дипломирал на Школата за убави уметности во Букурешт. Во 1927 и 1928 година престојувал во Париз. По враќањето во Македонија, познат е по воведувањето на европските модерни сликарски насоки, карактеристични за Париската школа на овие простори.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (25 минути)**

Учениците се поделени во мали групи. Наставникот дава насоки учениците на компјутер да ги разгледуваат оригиналните дела и нивните репродукции од Лазар Личеноски и Никола Мартиноски и од презентираните фотографии на компјутерот да се обидат да откријат кое е оригиналното уметничко дело, а која е негова репродукција. (Во работните листови на стр. 29 има уметнички дела и репродукции од овие автори.)

- Првата група ученици на компјутер разгледуваат слики од Лазар Личеноски.

 

**Личеноски Лазар, *Радожда*, масло на платно,**

- Втората група ученици на компјутер разгледуваат слики од Никола Мартиноски.

 

**Никола Мартиноски, *Мртва природа - цвеќе***

 

**Никола Мартиноски, *Мртва природа* , 1928**

Презентација на групната работа. Учениците од секоја група објаснуваат за фотографиите што ги добиле за работа. Се изјаснуваат која слика е оригинално уметничко дело, а која е репродукција. Објаснуваат врз основа на кои критериуми го донеле заклучокот.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок**

Сите ученици добиваат работен лист од Материјалите за учење (стр. 28 – 29). Наставникот дава насоки за изработка со цел да провери дали учениците умеат да прават разлика помеѓу оригинална творба и репродукција.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија: 1. Што правевме денес? 2. Кој сликар ви остави најголем впечаток и зошто? 3. Каде и кога одредувањето оригинално уметничко дело и негова репродукција ќе ви биде корисно во секојдневниот живот?

**СРЕДСТВА**

Слики од македонски познати сликари (доколку има во училиштето), компјутер, фотографии од интернет со оригинални сликарски дела и нивни репродукции на македонски познати сликари, работен лист (Материјали за учење), молив и тетратка.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот за материјалите и за техниките од кои е изработена сликата.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во анализа на заедничките творби во однос на употребените материјали и техники.

Во соласност со стандардот за оценување: **Прави разлика помеѓу оригинална творба и репродукција**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве активности:

- Да објаснуваат за начинот како разликуваат оригинална творба и репродукција.
- Да набројуваат од кои материјали се изработени сликите.
- Да ги воочуваат техниките кои се употребени.
- Да анализираат дали учениците од другите групи правилно одредиле оригинална творба и репродукција.



## Дваесет и втори час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Дизајн и визуелни комуникации – средства, материјали, техники, постапки и елементи (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, амбалажа, оригами, илустрација, фотографија, корица за книга, постер, плакат, визуелни комуникации, визуелен знак, естетска проценка)



## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Изработува украси, честитки, накит, украсни предмети од амбалажи и оригами**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)





Преку мултимедијална презентација или од интернет, учениците разгледуваат идеи за украси, честитки, накит и украсни предмети, како и оригами. Целта на оваа активност е кај учениците да се создаде поттик за креативност и креирање оригинални идеи за дизајнирање честитки, украси и накит. Истовремено, може да ги анализираат и нивната форма, боја, големина и простор. (Какви форми преовладуваат на презентираните честитки, украси и накит? Која боја најмногу се повторува? итн).








**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

Учениците се ставаат во автентична ситуација. Наставникот им кажува дека изработените предмети ќе се продаваат на осмомартовскиот базар кој ќе се одржи за неколку дена, така што би било убаво да се направат што поголем број интересни и оригинални осмомартовски творби.



Учениците, поделени во мали групи, дизајнираат:

- Прва група. Во рамки на групата, секој ученик индивидуално изработува осмомартовска честитка или роденденска честитка за своето другарче, со хартија, хартија во боја, списанија, молив, темперни бои, мрсни бои, фломастери и друго по избор на ученикот.
- Втора група. Сите членови во групата заеднички изработуваат накит од мониста, капачиња од шишиња, светликави материјали и друг материјал, како: врвци, конци, волница и сл.
- Трета група. Сите членови во групата заеднички изработуваат различни украси, користејќи стар накит и украсни предмети од амбалажи и оригами.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Секоја група ги презентира своите изработки. Учениците од другите групи даваат свои мислења за успешноста на дизајнот на честитките, украсите и накитот. При анализата, кажуваат и кои од изучените ликовни елементи се применети.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Каде ќе го користите ова знаење за изработка на честитки, украси или накит? Кои ликовни материјали би ги користеле во иднина при изработка на честитки, украси или накит?

## СРЕДСТВА

Мониста, капачиња од шишиња, светликави материјали, стар накит, украсни предмети, весници, списанија, хартија, хартија во боја, молив, колажна хартија, темперни бои, мрсни бои, фломастери и друго по избор на учениците, прибор за работа со хартија, компјутери или таблети, прибор за работа со материјали (лепило, ножици и сл.).

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените дизајнирани ликовни творби.
- Учеството во изработката на заедничките творби (споделување идеи, прифаќање

идеи, договор и одлука за тоа која идеја ќе се реализира, размена на материјал).
Во согласност со стандардот за оценување: **Изработува украси, честитки, накит, украсни предмети од амбалажи и оригами,** наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да знаат да го објаснат начинот како ги изработиле украсите, честитките, накитите, украсните предмети и оригамите.
- Да набројуваат од кои материјали и ликовни техники ги изработиле украсите, честитките, оригамите и накитот.
- Да ги анализираат ликовните изработки на другите групи.

**Меѓупредметна интеграција**

- Меѓупредметна интеграција е можна со предметот Македонски јазик преку активноста креирање честитка за празникот 8 Март и запишување порака во неа. (Но, истата активност може да се реализира и за роденден или за некој друг празник.)

## I ТЕМА: ЦРТАЊЕ



### Дваесет и трети час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во цртањето (контурна линија, простор **–** длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам)

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Користи различни видови линии во ликовна целина.**



### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)
Преку играта „Игра на линии“, учениците, поделени во мали групи, од разни видови линии формираат една целина — предмет или суштество. Тие цртаат на хамер со восочен пастел, фломастери или моливи во боја. Пред почетокот на играта, се договараат што ќе цртаат. Секој ученик од групата црта еден вид линија (долга/кратка, тенка/дебела, права/крива, линии во различни бои и сл.) и истата не смее да ја повтори друг ученик во групата.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

- Какви сè линии користевте додека создававте целина?
- Колку вкупно линии нацртавте за да создадете целина?
- Во колку бои ги нацртавте линиите?

Учениците самостојно цртаат на мотив „Дрворед“ со молив, дрвени боици и фломастери, користејќи линија и повторување. Наставникот им дава насоки на учениците да комбинираат различни видови линии со цел да добијат една ликовна целина. Тој дава насоки за цртање дрворед и потсетува дека предметите кои се големи визуелно изгледаат поблиску во однос на предметите кои се помали и изгледаат подалеку.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)
Изложување на цртежите на одделенско пано, разгледување и анализа на истите во однос на користењето различни видови линии при создавање ликовна целина.

1. Кои видови линии ги применивте?
2. Како ги цртате предметите кои се поблиску?
3. Како ги цртате предметите кои се подалеку?

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивме на овој час? 4. Што мислите, дали во сите нацртани творби се присутни ликовните елементи: линија, разновидни линии? 5. Кои видови линии ги користевте?

## СРЕДСТВА

Големи хамери во бела боја, восочен пастел (мрсни бои), фломастери, моливи во боја (дрвени боици). Истата активност може да се реализира и на компјутер во програма за цртање.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените цртежи.
- Анализата која ја прават учениците на изработените цртежи во однос на примената на разни видови линии и создавање една целина.

Во согласност со стандардот за оценување: **Користи различни видови линии во ликовна целина**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве активности:

- Да применуваат разни видови линии и да објаснуваат како ги користат за да создадат цртеж.
- Да создаваат ликовна целина со користење разни видови линии.
- Да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на примената на разни видови линии и создавање целина.



## Дваесет и четврти час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовен јазик во пластичното обликување и градење (тридимензионална форма, простор, текстура, детали, движење, ритам, насока, споменик [скулптура, биста, фонтана, фигура], макета, композиција, детаљ, целина, текстура)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)

Учениците анализираат тридимензионално дело од аспект на примена на ликовните елементи:

1. Кој е овој споменик?
2. Каде се наоѓа?
3. Каква е текстурата на ѕидовите на споменикот?
4. Каде има ритам на форми?
5. Во каков простор е тридимензионалното дело?

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

Учениците следат објаснување од наставникот за споменикот „Македониум“, за користените ликовни елементи: движење, насока, детаљ и композиција.




- Доколку го споредите македонското знаме со овој споменик, дали забележувате сличности?

Движењето во формата на споменикот може да се спореди со движењето што го има во македонското знаме. Движењето е од средишната точка кон сите правци исто како и на македонското знаме (во облик на сончевите зраци).

Преку техниката *Бура на идеи* учениците кажуваат што е композиција според нив. (Можни одговори: музичка композиција, песна, композитор итн.)

(Може да се спореди со композицијата на химната на нашата држава.)

Наставникот објаснува дека како што музичката композиција е составена од строфи, рефрени, ноти, така и ликовната композиција при пластично обликување и градење е составена од поединечни елементи поставени во една целина. Споменикот е составен од повеќе поединечни елементи поставени во една целина. „Македониумот“ има одлична композиција – поврзување со околината.

**Композиција е група поединечни скулптури поставени во една целина.**

**Композиција е скулптура поставена во отворен простор и таа треба да биде поврзана со околината.**

Наставникот дава насоки учениците да создадат композиција од повеќе поединечни елементи — поголеми и помали дрвја и да ги наредат во импровизиран отворен простор (на парче дрво или на некоја цврста подлога), почнувајќи од најголемото до најмалото. Така ќе создадат ДРВОРЕД.

Учениците, поделени во мали групи, обликуваат на мотив „Дрво или дрворед“, со глина, користејќи форма и вертикална насока. Притоа, создаваат облик или градба со користење: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)
Изложување на тридимензионалните творби, разгледување и анализа на истите во однос на правилната примена на простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција.
Посебен акцент се става и на користената техника за работа со глина.

**РЕФЛЕКСИЈА**
Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Како ја претставивте рапавата текстура на дрвјата? 3. На какви потешкотии наидовте при работата со глина?

**СРЕДСТВА**
Подлога – парче дрво или друга цврста подлога, алатки за обликување глина, вода, фотографија од споменикот „Македониум“, проектор или паметна табла.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците за простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција во ликовната творба.

- Практичната активност за време на часот за постапките и начинот на работа со глина.
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во групната изработка на дрворед (прифаќањето идеи и предлози, поделбата на активностите во групата, соработката).

Во согласност со стандардот за оценување: **Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да разбираат и да објаснуваат за простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција во ликовна творба.
- Правилно да ги користат постапките и начинот на работа со глина.
- Да ги анализираат тридимензионалните дела на соучениците во однос на користењето простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција.

* Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**
Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Македонски јазик преку активноста кога се обработува текст или стихотворба за шума, садење дрвја и сл. и истата се претставува преку ликовно изразување.

## II ТЕМА: СЛИКАЊЕ



### Дваесет и петти час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**
Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација)

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**
**Слика по доживеано или фантазија.**

**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути**)**

Преку играта „Мојата фантазија“, учениците објаснуваат што би сликале доколку добијат ваква тема за сликање.



**Пример:**

Започнуваат со оваа реченица: **Мојата фантазија претставена на слика би била како** патувам во вселената со моето куче **и притоа би користел/-а** ахроматски бои **затоа што** бојата на вселената е црна и нијанси на црно-бело, а мојот вселенски брод и јас би биле претставени со бела боја и нијанси на бело-црно. Ѕвездите и планетите **–** со примарни и секундарни бои.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (25 минути)

**Вежба:**

Наставникот насочува дискусија за примарни и секундарни бои, ахроматски бои, ладни и топли бои (Кои се примарни бои? Кои се секундарни бои? Наброј ги ладните бои. Каде во околината има топли бои?...).

1. Кои сликарски техники би ги користеле при изработка на денешните ликовни творби? (Темпера, гваш-техника, дигитално со алатките на *Пеинт*, колажна техника итн.)

Учениците сликаат на мотив „Фантазија“ со комбинирање различни материјали, техники и елементи, вклучувајќи го и компјутерот како средство. Сликата се создава според доживеан настан или фантазија, по избор на учениците.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Изложба на ликовните творби, разгледување и естетска анализа на истите во однос на употребата на бои и разни сликарски техники и материјали.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Со кои бои ја претставивте вашата фантазија или вашиот доживеан настан? 3. Која боја преовладува на твојата ликовна творба? 4. Што избравте да сликате? 5. Дали по фантазија или по доживување, зошто баш според тоа? 6. Што ви беше полесно?

**СРЕДСТВА**

Блок број 3, молив, темперни бои, акварелни бои, туба со бела темпера, колажна хартија, палета за бои, четки со разни дебелини и подлога за сликање.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците за тоа како се добиваат секундарните бои.
- Практичната активност за време на часот (создава ликовна композиција со користење примарни и секундарни бои, ладни и топли бои).
- Учеството во изработката на индивидуални творби.
- Анализата на ликовните творби на соучениците во однос на користењето разни сликарски техники, материјали и бои.

Во согласност со стандардот за оценување: **Прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои,** наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да објаснуваат за поделбата на боите (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ахроматски бои, тонска градација).
- Да ги анализираат ликовните творби на соучениците во однос на користењето разни сликарски техники, материјали и бои.

* Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**Меѓупредметна интеграција** со предметот Македонски јазик преку активноста креирање состав или стихотворба според креираната сопствена ликовна творба „Мојата фантазија“ или „Мојот доживеан настан“

## I ТЕМА: ЦРТАЊЕ

**Ликовно образование за III одделение**

### Дваесет и шести час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во цртањето (контурна линија, простор – длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам)

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- **Забележува контурна линија на предметите во одреден простор и ја применува на цртеж.**
- **Користи компјутер во цртањето.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

Наставникот претходно подготвува разни облици разделени на контурна линија и структурна линија.

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (10 минути)

Учениците во мали групи ги составиваат формите со контурна линија и соодветниот внатрешен дел (структурна линија).



Што воочивте при составувањето на формите? (Дека секоја форма има надворешна линија, која се црта подебела во однос на другите линии итн.)

**Контурна линија** е надворешната линија која ја опишува формата. Се црта подебела во однос на другите линии. Таа ја истакнува формата и ги покажува основните карактеристики на она што се црта.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (25 минути)

Активност 1. Наставникот ги поттикнува учениците да нацртаат предмет или суштество по избор и контурната линија да ја нацртаат со црн или син фломастер на самолепливо ливче (стикер) и истото да го стават на одделенското пано. Учениците ги разгледуваат цртежите, заклучуваат, покажуваат кои се контурни линии.

Активност 2. Учениците забележуваат контурни линии на предмети во опкружувањето.

Активност 3. Учениците цртаат на мотив „Илустрација на текст“, со алатките на програма за цртање на компјутер (таблет), користејќи контурна линија. (Доколку нема услови, цртаат со молив, дрвени боици, фломастери.)

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)
Презентација на дигиталните цртежи, разгледување и анализа на истите во однос на правилната примена на контурната линија. Каква е контурната линија нацртана со алатките на програмата за цртање, а каква е на цртеж? Дали има разлика? Објасни. (Доколку има услови, може да се направи и дигитална изложба од ученичките цртежи креирани со алатките на програмата за цртање.)

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Што научивте? 4. Каде ќе го примените ова што го научивте? 5. Дали во иднина постојано ќе користите контурни линии кога ќе цртате? Зошто?

## СРЕДСТВА

Материјали за контурна линија подготвени од наставникот, молив, моливи во боја, фломастери, самолепливи ливчиња (стикери), таблет, компјутер, програма за цртање.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби со примена на контурни линии.
- Учеството во изработката на сопствените творби.
- Ученичката анализа на ликовните творби во однос на примената на контурната линија и нејзиното претставување на цртеж или на дигитален цртеж.

Во согласност со стандардот за оценување: **Забележува контурна линија на предметите во одреден простор и ја применува на цртеж и користи компјутер во цртањето**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да разбираат и да објаснуваат за контурната линија на предметите во одреден простор.
- Да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на примената на контурната линија и нејзиното претставување на цртеж.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.



## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Меѓупредметна интеграција може да се направи со предметот Математика преку активноста за симетрија на фигури и Ликовно образование – цртање контурни линии на фигури.

# III ТЕМА: ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

**Ликовно образование за III одделение**

## Дваесет и седми час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовен јазик во пластичното обликување и градење (тридимензионална форма, простор, текстура, детали, движење, ритам, насока, споменик [скулптура, биста, фонтана, фигура], макета, композиција, детаљ, целина, текстура)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- **Опишува различни скулптурни решенија и прави разлика помеѓу нив.**
- **Забележува облици, детали, текстури, линии кај уметнички дела и ги опишува користејќи го ликовниот јазик.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

Овој час може да се реализира во музеј, место каде што има споменици, фонтани и други скулпторски дела или, едноставно, пред бистата на патронот на училиштето (доколку нема други можности).

Учениците посетуваат: музеи, споменици, скулптури, бисти, фонтани и други уметнички дела. На нив забележуваат: облици, детали, текстури, линии и прават сопствена или заедничка естетска проценка.

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата** (5 минути)

Преку техниката *Бура на идеи*, учениците кажуваат за тридимензионални дела кои ги знаат и ги гледаат во музејот.

Можни одговори: биста, споменик, фигура...

Наставникот поттикнува дискусија и ги запознава учениците со разни скулпторски дела, а учениците ги именуваат и ги опишуваат со ликовен јазик.

- Како се вика оваа скулптура?
- Кој ја направил оваа скулптура? (Прочитајте од натписот на скулптурата.)
- Како се викаат уметниците кои изработуваат скулптури?
- Каде сте виделе вакви скулптури на друго место?
- Дали сте направиле слични скулптори на претходните часови?

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење** (30 минути)

Активност 1. Учениците следат објаснување од стручно лице во музејот на скулптурите:

- Кој е авторот на скулптурата?
- Од каков материјал е направена?
- Кои ликовни техники се користени (соодветно на возраста)?

Активност 2. Учениците забележуваат облици, детали, текстури, линии и прават сопствена или заедничка естетска проценка на секоја скулптура за која стручното лице објаснува.

Активност 3. Наставникот насочува дека ќе има работилница каде што секој ученик ќе може да изработи скулптура по сопствен избор од глина или од пластелин. Според условите, убаво би било работилницата да биде во музејот и да насочува стручното лице.

Примери на скулпторски решенија:


Биста на Питагора


Релјеф – лице


Фонтана


Статуа на слободата

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок** (5 минути)

Изложување на тридимензионалните творби на одредено место во музејот, разгледување и анализа на истите во однос на применетите облици, детали, текстури, линии.

## РЕФЛЕКСИЈА

Се води дискусија по прашањата:

1. Што правевме денес?
2. Која активност ви беше најинтересна?
3. Како се чувствувате откога вашите скулптури беа изложени во музејот?

## СРЕДСТВА

Цврста подлога, алатки за обликување глина, вода, скулптури во музеј или друго место кое ќе го посетат, пластелин.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците за простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција во ликовна творба.

- Практичната активност за време на часот за постапките и начинот на работа со глина.
- Изработените ликовни творби.

- Учеството во групната дискусија при естетската анализа на скулптурите со ликовен јазик.

Во согласност со стандардите за оценување: **Опишува различни скулптурни решенија и прави разлика помеѓу нив и забележува облици, детали, текстури, линии кај уметнички дела и ги опишува користејќи го ликовниот јазик,** наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да разбираат и да објаснуваат за простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција во ликовна творба.
- Правилно да ги користат постапките и начинот на работа со глина.
- Да ги анализираат тридимензионалните дела на соучениците во однос на користењето простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Македонски јазик преку активност кога се креира текст или стихотворба за значајна личност или за патронот на училиштето. На часот по Ликовно образование се анализира скулптурата на таа личност.

## II ТЕМА: СЛИКАЊЕ



### Дваесет и осми час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) комплементарни парови

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Користи компјутер при сликањето.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (5 минути)**

Со учениците се дискутира за разните компјутерски програми за цртање.

Им се поставува прашање за да се поттикнат да размислуваат:

1. Што подразбирате под поимот дигитално сликарство? (Сликање со компјутер, да направам слика на таблет или на мобилен телефон...)

(Следува објаснување дека **дигиталното сликарство** е појава во која традиционалните техники на сликање, како што се: акварел, темпера, пастел итн. се применуваат со употреба на дигитални алатки со помош на компјутер или таблет. Наставникот го објаснува начинот на сликање на компјутер. Дигитални алатки за сликање се: четка, пенкало, молив, боја...)

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (30 минути)**

Учениците следат презентација од наставникот преку ЛЦД-проектор или на паметна табла за различните видови алатки кои се користат за дигитално цртање и сликање. Им се посочува дека во програмите за цртање/сликање постојат: алатки за означување, алатки за цртање со слободна рака, за бришење (гума), за сликање (четка, спреј, кантичка), за цртање линии и геометриски форми. Учениците следат демонстрација од страна на наставникот. Тој демонстрира како да изработат едноставни геометриски форми, користејќи ги соодветните алатки за изработка на ликовна творба (дигитална слика).



Учениците ја анализираат дигиталната слика и ги именуваат алатките кои се користени при креирање на презентираната дигитална слика од наставникот.
Наставникот дава насоки учениците да работат со алатките на програма за цртање/сликање и да создадат ликовна композиција со нагласување на спектарот на бои.
Учениците дискутираат за последната роденденска забава каде што просторот бил украсен со ленти, балони, и разни роденденски реквизити. Учениците сликаат на мотив „Циркус/забава“ со алатките на програма за цртање/сликање, применувајќи ликовни елементи: боја, простор, големина и форма.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**

По завршување на самостојната работа, учениците презентираат со кои алатки ја изработиле дигиталната уметничка творба и кои ликовни елементи ги користеле во сликањето.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата:
1. Што правевте денес? 2. Кои алатки најмногу ги употребувавте при дигиталното сликање? 3. Што научивте? 4. На која потешкотија наидовте додека работевте ? 5. Како ќе го примените наученото во секојдневниот живот? 6. Што би сакале повеќе да научите на следниот час?

**СРЕДСТВА**

Компјутер, проектор, паметна табла, таблет, програми за цртање/сликање.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Во согласност со стандардот: **Користат компјутер при сликање**, ученикот треба да ги постигне следниве резултати:

- Да знае да објасни како се користат компјутерот и алатките на различни компјутерски програми за сликање.
- Да ги анализира дигиталните ликовни творби и да ги забележува ликовните елементи применети во нивното создавање.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

# IV ТЕМА: ПЕЧАТЕЊЕ, ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ

**Ликовно образование за III одделение**

## Дваесет и деветти час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Печатење – подлоги, средства, материјали, техники, постапки и елементи (шаблон, печат, картон-печат, отпечаток, шара, декорација)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Создава дезен со користење ритмичко повторување во печатењето.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (10 минути)**

Учениците следат презентација со фотографии од различни видови народни шари кои ги има на килимите, народните носии, скутниците, чорапите и чергите.

Наставникот поттикнува дискусија преку прашања: Какви форми се застапени на народните шари? Дали истите форми се повторуваат? Кои бои се повторуваат? и сл.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (25 минути)**



Наставникот најавува печатење со ритмичко повторување на бои и форми со помош на компир-печат. Учениците од волшебна торбичка извлекуваат по еден примерок од претходно изработени различни видови компир-печати. (Секој компир-печат има различна форма.)

Учениците следат објаснување дека печатењето, всушност, претставува нанесување боја на матрицата со којашто сакаме да печатиме и отпечаток од печатот врз подлогата (листот од блокот). Во продолжение им се даваат насоки за работа со компир-печат.



1. Да нанесат темперна боја со поголема густина по сопствен избор.
2. Со умерен стисок на раката, обоениот дел да се притисне на листот.
3. За секое печатење, треба да се нанесе боја.
4. Со печатењето се повторува истата форма повеќе пати.

Со помош на изработените матрици од компир, се прават отпечатоци. Секој ученик со ритмичко повторување во печатењето креира сопствен дезен. (Во текот на печатењето може да користат една до три разни форми на компир-печат.)

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**

Се изложуваат готовите ликовни творби и се анализираат (успешноста на печатење, застапеноста на ритмичкото повторување на форми, бои, исполнетоста на просторот, прецизноста и педантноста во работата).



**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата:

1. Што учевте денес? 2. Што научивте? 3. Со каков проблем се соочивте ? 4. Како го решивте? Што ви беше најинтересно? 5. Како ќе го употребите наученото во секојдневниот живот?

**СРЕДСТВА**

Блок број 3, волшебна торбичка, компир-печати, темперни бои, четка, подлога – бел лист од блок број 3.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).

Во согласност со стандардот: **Создава дезен со користење ритмичко повторување во печатењето**, ученикот треба да ги постигне следниве резултати:

- Да знае да објасни како се користи компир-печатот со употреба на ритмичко повторување во печатењето.
- Да ги анализира ликовните творби и да уочува како се создава дезен со користење ритмичко повторување во печатењето.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) комплементарни парови.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ



**Слика по доживеано или фантазија.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (10 минути)**

Преку играта „Погоди ја бојата на предметот“, учениците повторуваат за примарни и секундарни бои. Во училницата има поставено два обрача (хулахопи). Наставникот покажува предмети во различни примарни и секундарни бои. Учениците добиваат насока во првиот обрач (хулахоп) да ги постават предметите кои се обоени со примарни бои, а во вториот обрач (хулахоп) да ги наредат предметите кои се обоени со секундарни бои.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (25 минути)**



Наставникот ги запознава учениците со спектарот на бои, кој е поделен на ладни и топли бои. Наставникот дава објаснување за поимот контраст. Контрастот го среќаваме насекаде околу нас. Најинтензивниот контраст го создаваат боите кои се на спротивната страна во кругот на боите. Тие имаат различни колористички вредности кои меѓусебно се надополнуваат. Наставникот го демонстрира контрастот на топли и ладни бои.



- Ладни бои се: зелената, сината и виолетовата боја.
- Топли бои се: црвената, жолтата и портокаловата боја.

Преку поттикнувачки прашања од наставникот, учениците раскажуваат за настан што им побудил позитивни чувства или настан по фантазија. Добиваат насока да сликаат на мотив според доживеан настан или фантазија со техника гваш, користејќи ладни и топли бои, различни големини и ритам на бои. При сликањето, учениците добиваат насока да користат детали кои ги воочиле во реалноста.



**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**
Изложба на ликовните творби, разгледување и естетска анализа на истите во однос на употребата на контрасни бои, големина и ритам на бои.
**РЕФЛЕКСИЈА**
Се води дискусија по прашањата:

1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Се соочивте ли со проблем? Каков? 4. Како го решивте? 5. Што би можеле да сликаме со топли и ладни бои на наредниот час?

**СРЕДСТВА**

Блок број 3, молив, темпера, четки со разни дебелини, подлога за сликање, хулахоп.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците за топли и ладни бои, контраст на бои, големина и ритам.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на индивидуални творби.
- Анализира ликовни творби на соучениците во однос на комбинацијата на топли и ладни бои, големина и ритам.

Во согласност со стандардот за оценување: **Слика по доживеано или фантазија**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да знаат да објаснат за ладни и топли бои, ритам и големина.
- Да опишуваат како се добива контрастот на топли и ладни бои.
- Да ги анализираат ликовните творби на соучениците во однос на комбинацијата на топли и ладни бои и употребата на големина и ритам.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**Меѓупредметна интеграција** со предметот Македонски јазик преку активноста учениците писмено да раскажуваат на тема фантазија според креираното ликовно дело.

Предлог-активности:

**Вежба.** Учениците се поделени во две групи. Првата група ученици добиваат задача со помош на четка и темперна боја да направат траги на листот од ладни бои и да го запазат ликовниот елемент големина. Втората група ученици добиваат задача со помош на четка и темперна боја да направат траги на листот од топли бои и да го запазат ликовниот елемент ритам.

## I ТЕМА: ЦРТАЊЕ

### Триесет и први час

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**

Ликовни елементи во цртањето (контурна линија, простор – длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам)

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

**Ја претставува сенката на предметите со воочување на светлината и сенчење.**

**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (10 минути)**

Часот започнува со две гатанки кои учениците треба да ги откријат.

Прва гатанка: На сонце излегува, на облаци се крие! (Сенка.)

Втора гатанка: Што посилно се смее, повеќе те грее! (Сонце.)

Преку откривање на точниот збор од гатанките, се открива активноста која ќе се реализира на часот, а тоа е воочување на светлината и сенките. Се прави кратко повторување за природните извори на светлина (сонце, месечина, ѕвезди) и вештачките извори на светлина (сијалица, светилка, фенер, свеќа...).

Учениците се потсетуваат за тоа како настануваат сенките. (Кога сончевата светлина ќе наиде на некоја препрека, предмет или суштество што не ја пропушта светлината, настанува сенка.)

- Следува разгледување слики на кои е прикажано создавање сенка во зависност од тоа на која страна паѓа светлината.



- Кога светлината доаѓа одозгора, сенката се отсликува долу на подлогата.
- Кога светлината доаѓа од десната страна, сенката паѓа од левата страна.
- Се воочува дека кога светлината доаѓа од левата страна, сенката на предметот ја гледаме на неговата десна страна.
- Кога светлината доаѓа од предната страна, сенката паѓа позади предметот (бидејќи е позади, не ја гледаме).
- Кога светлината паѓа од задната страна на предметот, сенката паѓа на подлогата од предната страна.
- Кога светлината доаѓа одоздола, сенката се појавува над предметот.

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (25 минути)**

Активност 1. Наставникот претставува сенка на предмет со помош на батериска ламба, молив и лист од блок. Моливот се изложува на светлина. Светлината се придвижува од различни страни и се воочува сенката на моливот.

Активност 2. Учениците се поттикнуваат да претстават сенки на предмети со техниката сенчење со молив. Им се даваат дополнителни објаснувања дека додека се црта, секогаш треба да се гледа од каде доаѓа светлината и како сенката се оцртува на објектот кој се црта. Светлината и сенката се неделиви појави и секое тело или објект има сопствена сенка.

Активност 3. Учениците цртаат на даден мотив „Моето милениче“, со молив, користејќи линија и сенчење.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите. При анализата, се става акцент на претставувањето на сенките и начинот на кој е изведено сенчењето.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата:

Што учевте денес? Што научивте? Што ви беше најинтересно? Се соочивте ли со некој проблем? Каков? Како го решивте? Што би можеле во иднина да правите на часовите на кои треба да прикажете сенки?

**СРЕДСТВА**

Блок број 5, молив НБ 5, фотографии на кои се претставени сенки, батериска ламба.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби.

Во согласност со стандардот за оценување: **Ја претставува сенката на предметите со воочување на светлината и сенчење**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да знаат да објаснат за сенчењето како ликовна техника.
- Да опишуваат како ја претставиле сенката на предметот.
- Правилно да применуваат сенчење.
- Да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на примената на сенчењето.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

**Меѓупредметна интеграција** со предметот Македонски јазик кога учениците раскажуваат по изведено набљудување на сенките на дрвото.
**Предлог за слободни активности. Учениците** добиваат задача да ја набљудуваат сенката во училишниот двор/пред зграда, наутро, напладне и попладне и истата да ја прикажат со цртеж (положбата на сонцето и сенката во трите различни периоди на денот).

## II ТЕМА: СЛИКАЊЕ



### Триесет и втори час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) комплементарни парови.

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Декорира различни предмети со сликање и прави естетска проценка на оригинални дела.**

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (5 минути)**
Наставникот им покажува на учениците торбичка во која има плочести каменчиња. Три ученика со затворени очи влечат по едно камче и погодуваат за каков материјал станува збор. Им се покажуваат каменчињата и им се поставува проблемско прашање.

- Како можат да ги декорираат каменчињата и од нив да добијат декоративни предмети?

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (30 минути)**
По дискусијата, учениците се подготвуваат за работа со природни материјали – каменчиња. Секој ученик треба да наслика срце, цветче или нешто по свој избор на плочестото камемче или да наслика бубамара, пеперутка или пчелка.



Учениците користат природни материјали (камен со одредена форма и големина) за да изработат декоративни украсни предмети со сликање. Добиваат насоки за комплетна подготовка на просторот за работа, за исцртување со фломастер на формата која ќе ја сликаат, за нанесување боја со поголема густина, за прецизна работа со соодветни четки и оставање време за сушење на нанесената боја. По добиените насоки, следува самостојна работа во која учениците имаат слобода да експериментираат и да креираат свои изработки.





Учениците, поделени во мали групи, добиваат картон со сина боја. Со помош на различни гранчиња, каменчиња, ја украсуваат сликата со цел да се добие ликовна целина со одредена естетска вредност. Потоа следува презентација на ликовните изработки од групната работа, кои се нивни оригинални дела и прават естетска проценка.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**

Следува анализа и дискусија за дизајнираните изработки и за комплетната декорација која е добиена. По направената анализа, оригиналните дела се изложуваат во училишниот хол.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата:

1. Што правевме денес? 2. Со какви материјали работевте? 3. Се соочивте ли со некаков проблем или потешкотија? Каков? 5. Како го решивте? 6. Што би можеле во иднина да изработуваме со каменчиња или со друг природен материјал?

**СРЕДСТВА**

Торбичка, каменчиња, фломастери, картон, темперни бои, четки, фотографии, картон.

### СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Естетската проценка на изработените творби.
- Учеството во анализа на прикажаните ликовни творби.

Во согласност со стандардите за оценување: **Прави естетска проценка на оригинални дела и декорира различни предмети со сликање**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да објаснат за начинот како го декорирале каменчето.
- Да го разбираат значењето на оригиналното дело.
- Да прават естетска проценка на оригинални дела од соучениците.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

## IV ТЕМА: ПЕЧАТЕЊЕ, ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ

**Ликовно образование за III одделение**

### Триесет и трети час

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Дизајн и визуелни комуникации – средства, материјали, техники, постапки и елементи (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, амбалажа, оригами, илустрација, фотографија, корица за книга, постер, плакат, визуелни комуникации, визуелен знак, естетска проценка)

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**- Дизајнира визуелни знаци со дадено значење.**

**- Изработува декорација користејќи компјутер и печатач**.

### СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (5 минути)**



Преку презентација, наставникот прикажува знаци и декорации на разни предмети. Преку техниката *Минута размислување*, учениците имаат задача да ги анализираат знаците и да направат проценка каква порака пренесуваат и на каков начин се изработени и декорирани. Од учениците се бара да објаснат за декорација.

Следува објаснување преку насочувачки прашања. Наставникот, заедно со учениците, го објаснува поимот **декорација** (дека тоа претставува додаток што има тенденција да го направи нештото попривлечно).







**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ** – **искуствено учење (30 минути)**
Наставникот ги дели учениците во мали групи. Следува групна работа по сопствени фантазии, со претходно добиени насоки за примена на разни форми, облици, боја, простор и големини.

- **Првата група** добива насока да изработува визуелни знаци (на пример, знаци за заштита на животната средина, со примена на природни материјали). Наставникот ги насочува учениците да ги искористат природните материјали кои ги донеле (камчиња, дебел картон, суви листови, гранчиња, зрна пченка, грав, леќа...) за изработка на знак за рециклирање.
- **Втората група** добива насока да изработува знаци за правилно однесување во превозно средство. На компјутер или на таблет, учениците цртаат визуелни знаци за правилно однесување во автобус.
- **Третата група** треба да изработи декорација за роденденска честитка. Учениците добиваат насока на картон да напишат пораки за славеникот и да нацртаат или да залепат различни предмети поврзани со роденденска тематика.
- **Четвртата група** добива насока да изработува декорации карактеристични за одреден празник, во програма за цртање на таблет или на компјутер.

**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ** – **извлекување заклучок (5 минути)**
Групите презентираат и дискутираат за начинот на изработка на визуелните знаци и на декорациите и нивните разлики. Се прави анализа, критички осврт на степенот на креативност, педантност во работата, соработката во групата, начинот на комуниција во групата, времето потребно за реализација на замисленото и сл.

**РЕФЛЕКСИЈА**
Се води дискусија по прашањата:
1. Што правевме денес? 2. Која активност најмногу ви се допадна? 3. На каков проблем наидовте при изработка на визуелниот знак? 4. Каде ќе го примените наученото во секојдневниот живот?

**СРЕДСТВА**
Компјутер, таблет, картон, природни материјали, листови во боја, фломастери, темперни бои, четки, балони.

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Естетската проценка на изработените творби.
- Учеството во анализа на прикажаните ликовни творби.

Во согласност со стандардите за оценување: **Дизајнира визуелни знаци со дадено значење и изработува декорација користејќи компјутер и печатач**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да знаат да објаснат за визуелни знаци и за декорации.
- Да го разбираат значењето на визуелните знаци и на декорациите.
- Правилно и естетски да ја проценуваат сликата со визуелни знаци и сликата со декорации.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

# I ТЕМА: ЦРТАЊЕ

**Триесет и четврти час**

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во цртањето (контурна линија, простор – длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Црта различни видови текстури со туш.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (5 минути)**

Игра „Опиши го предметот“. Учениците извлекуваат различни предмети од волшебната торбичка. Наставникот дава насока предметите што ќе бидат извлечени да се опишат според дадени прашања:

1. Што извлековте ? Опишете го предметот. 2. Со кое сетило ја допирате неговата површина? 3. Каква е текстурата на извлечените предмети? (Кадифено мече, шишарка, камен, мокро/суво сунѓерче, дрвен молив...)

**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (30 минути)**

Преку насочувачки прашања, наставникот ги води учениците и заедно со нив го расветлува поимот текстура.



**Текстура** е површината на секој материјал. Кога површината се претставува на цртеж, слика, графика, тогаш резултатот се нарекува текстура.

**Текстура** е надворешна карактеристика на површината на секоја природна и вештачка материја која може визуелно да се перципира. Текстурата може да биде тврда/мека, рапава/мазна, сува/мокра. За да се претстават разни материјали со разновидна текстура, се употребуваат дебели, тенки, долги, куси, прави и криви линии.





Наставникот покажува цртежи изработени со туш, со различни видови линии со цел да се воочи видот на текстурата. Учениците добиваат насока да замислат капки дожд и облаци. Наставникот ги поттикнува на дискусија за дождот и за облаците преку прашања:

Какви се текстурите на капките дожд? (Мазни.) Какви се текстурите на облаците? (Рапави.) Со какви линии би ги претставиле дождот и облаците? (Прави, тенки, куси.)

**Ликовно творење.** Учениците цртаат на даден мотив „Облачно време“, со молив, туш, перце, дрвце и тенка четка, користејќи линија и текстура.



**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**

Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на правилната примена на ликовниот елемент линија. Се анализираат надворешните (контурни) и внатрешните линии дали се разликуваат по дебелина или пак се еднакви. Се анализира текстурата и дали се употребени соодветни видови линии за да се прикаже реалниот изглед на облаците и на капките дожд.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата:

1. Што правевме денес? 2. Што научивте? 3. Се соочивте ли со проблем? 4. Како го решивте ? 5. Кој дел од часот ви остави најголем впечаток ? Зошто? 6. Како ќе го употребите наученото во секојдневниот живот?

**СРЕДСТВА**
Блок број 3, туш, четка, перо, волшебна торбичка, различни предмети (кадифени играчки, прибор за пишување...)

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби со користење на цртачките техники туш и четка, туш и перце.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби од аспект на претставување текстури со примена на разни линии.

Во согласност со стандардот за оценување: **Црта различни видови текстури со туш**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да знаат да објаснат за линијата како ликовен елемент.
- Правилно да ги комбинираат техниките молив и туш со четка.
- Да ги применуваат ликовните елементи линија и текстура.
- Да комбинираат линија и црта.
- Да ги анализираат цртежите на соучениците во однос на различните видови текстури со туш.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

## II ТЕМА: СЛИКАЊЕ



**Триесет и петти час**

**СОДРЖИНИ И ПОИМИ**
Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација)

**СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**
**Прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои.**

**СЦЕНАРИО ЗА ЧАС**
**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (10 минути)**
Игра „Извлечи ја бојата“. На хамер се запишани поимите: примарни, секундарни, ладни, топли, контрасни и ахроматски. Учениците добиваат торбичка во која има ленти во различни бои и извлекуваат по една лента. Наставникот дава насока секој ученик својата извлечена лента да ја залепи на соодветното место (на пример: црвена – основна боја, портокалова боја – секундарна боја, црна – ахроматска, бела – ахроматска, зелена – хроматска, портокалова – топла боја, црвена и зелена – контрасни бои, виолетова и жолта – контрасни бои и сл.)



**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (25 минути)**



Преку презентирање слики и прашања, наставникот ги поттикнува учениците да размислуваат за најблиската шума во нивната околина. Добиваат насока да сликаат на мотив „Шума“, со техниките темпера, гваш или пастел, користејќи ги ликовните елементи боја и текстура, при што се препорачува пастелот да се користи на крајот за подобро воочување на текстурата. Притоа, се внимава ликовната композиција да се креира со примена на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои.



**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**

Изложба на ликовните творби, разгледување и естетска анализа на истите во однос на употребата на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски и хроматски бои.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата:

1. Што правевме денес? 2. Која активност ви беше најинтересна? 3. Каков би бил светот без бои? 4. Како делуваат боите на нас? 5. Која боја ви е омилена? 6. Што ви беше најинтересно на часот?

**СРЕДСТВА**

Хамер, лепило, торбичка, ленти во различни бои, компјутер, фотографии, гваш или пастел.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Изработените ликовни творби.
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на заедничките творби од аспект на примена на различни бои.
- Објаснувањето што претставиле со примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски и хроматски бои.







Во согласност со стандардот за оценување: **Прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои**, наставникот треба да очекува учениците да ги исполнат следниве резултати:

- Да знаат да објаснат за примарни и секундарни бои.
- Да опишуваат како се добиваат секундарните бои.
- Правилно да ги комбинираат примарните и секундарните бои, ладните и топлите бои, контрасните бои и ахроматските и хроматските бои.
- Да ги анализираат ликовните творби на соучениците во однос на комбинацијата на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски и хроматски бои.

Според ова секој наставник може да изработи листа за проверка (чек-листа), односно листа за следење на напредокот на ученикот.

## Триесет и шести час

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

Ликовни елементи во сликањето (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои,

ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) комплементарни парови.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Користи компјутер при сликањето.**

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ – активирање на предзнаењата (10 минути)**

На учениците им се поставува прашање со зададен проблем – да истакнат повеќе разлики и сличности помеѓу сликањето со прибор за сликање и сликањето на компјутер. Од нив се бара да посочат и да објаснат кој вид сликање за нив е поинтересен и зошто.






**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ – искуствено учење (25 минути)**

Учениците следат насоки за сликање на компјутер. Во програмите за цртање/сликање постојат: алатки за означување, алатки за цртање со слободна рака, за бришење (гума), за сликање (четка, спреј, кантичка), за цртање линии и геометриски форми. Учениците следат демонстрација од страна на наставникот како преку различни апликации на компјутер се користат примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски и хроматски бои. Добиваат насока да работат со алатките на програмата за цртање/сликање и да создадат ликовна композиција со нагласување на примената на примарните и секундарните бои, ладните и топлите бои, контрасните бои и ахроматските и хроматските бои. Преку презентирање слики со мотиви од годишното време лето, наставникот ги насочува учениците да сликаат на мотив „Лето“ со алатките на програмата за цртање, применувајќи примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски и хроматски бои и создаваат ликовна композиција.



**ЗАВРШНА АКТИВНОСТ – извлекување заклучок (5 минути)**

По завршување на самостојната работа, учениците презентираат со кои алатки ја изработиле дигиталната уметничка творба и кои ликовни елементи ги користеле во сликањето.

**РЕФЛЕКСИЈА**

Се води дискусија по прашањата:

1. Што правевме денес? 2. Кои алатки најмногу ги употребивте при компјутерското сликање? 3. Што научивте? 4. Како ќе го употребите наученото во секојдневниот живот?

**СРЕДСТВА:**

Компјутер, проектор, паметна табла, таблет, фотографии.

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Учеството во изработката на сопствените и анализа на дигиталните творби.

Во согласност со стандардот: **Користат компјутер при сликање**, ученикот треба да ги постигне следниве резултати:

- Да знае да објасни како ја изработил дигиталната слика.
- Да ги анализира дигиталните ликовни творби и да ги забележува ликовните елементи применети во нивното создавање.

## Ликовен јазик

- Контраст во пластичното обликување значи спојување на повеќе делови во една целина со користење големи, мали; мазни, рапави; валчести, аглести текстури (површини).
- Тридимензионалните предмети зафаќаат одреден простор. Формата е главниот израз во пластичното обликување. Така обликуваните творби може да имаат аглеста, валчеста, тркалезна, испакната, вдлабната форма.
- Во однос на просторот, формата може да биде затворена, отворена или да има поголеми или помали отвори. Затворена форма има топката, крушката, коцката, каменот. Отворена форма има чашата, вазната, филџанот и сл.
- Глината е материјал за обликување од која се изработуваат тридимензионални дела. Се работи со прсти и со алатки за обликување. Кога глината ќе се испече, се нарекува теракота. Вака испечената глина трае многу долго и има убав изглед.



**Алатки за обликување глина**






**Биста на Питагора, математичар**

**1.** Разгледај ги внимателно фотографиите и одреди од што се изработени овие бисти.



**Биста на Гоце Делчев**

- ❑ мермер
- ❑ глина
- ❑ камен
- ❑ бронза
- ❑ метал



**Биста на Ѓерѓ Кастриоти-Скендербег**

- ❑ мермер
- ❑ глина
- ❑ камен
- ❑ бронза
- ❑ метал



**Биста на Л. В. Бетовен**

- ❑ мермер
- ❑ глина
- ❑ камен
- ❑ бронза
- ❑ метал



**Биста на Мајка Тереза**

- ❑ мермер
- ❑ глина
- ❑ камен
- ❑ бронза
- ❑ метал

**2.** Запиши ги броевите од 1 до 7 во квадратчињата според редоследот како е изработена чинијата од глина.



## Ликовен јазик

- Повторувањето на боите, формите и линиите го има насекаде околу нас. Во музиката се повторуваат тоновите во една музичка вежба. Деновите, месеците се повторуваат итн.
- **Ритам** – повторување.
- Ритам на линии, бои и форми значи повторување на исти линии, форми и бои.



Ритам на форми

**1.** Разгледајте ги фотографиите и направете осмомартовски честитки, украси и накит од разни материјали, од оригами и од друг материјал по ваш избор. Применете ритам на бои, линии и форми. Women's Day Craft Ideas - Bing images







## Ликовен јазик

- Уметничка слика е **оригинална** творба на сликарот, која може да биде направена на разни сликарски подлоги. Оригиналноста на делото се однесува на тоа што е резултат од инспирацијата на авторот и создава чувство на оригиналност и нешто ново. **Репродукцијата** е копија на оригиналното дело која може да биде направена на разни начини и не може да го замени оригиналното дело.
- Македонски сликари низ историјата кои оставиле големи и значајни уметнички дела се: Борка Лазески, Глигор Чемерски, Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Миле Корубин, Омер Калеши и други.



Глигор Чемерски, мозаик, *Македонија – света земја*, 2006 година

**1.** Разгледај ги сликите од македонските познати уметници и процени кои слики се репродукции и поврзи.



Лазар Личеноски, *Долап*, 1937, масло на платно





Никола Мартиноски, *Мртва природа – цвеќе,* 1931/33

РЕПРОДУКЦИИ



Миле Корубин, *Мотив од Сарај*, акрил на иверица. 1982 година



Омер Калеши







Под секоја слика од македонските сликари, одреди и запиши **оригинал** или **репродукција**.

1.





Никола Мартиноски, *Старец*, масло на платно, 1938 год.





Миле Корубин, *Пејзаж од Париз*, масло на платно, 1957 година





Глигор Чемерски, мозаик на спомеником на слободата во Кочани, 1981

## Ликовен јазик

- Контурна линија е надворешната линија која ја опишува формата. Се црта подебела во однос на другите линии. Таа ја истакнува формата и ги покажува основните карактеристики на она што се црта.



**1.** Обиди се да ги доцрташ контурните линии на овие животни со фломастер, а потоа обој ги.









Прирачник за наставници за реализација на наставата по ликовно образование за III одделение на деветгодишното образование

Издавач: Биро за развој на образованието

Уредник: Абдулфета Фетаи

Автори:
м-р Филип Фидановски
Жаклина Ристовска
м-р Весна Бошковска

Стручна поддршка:
м-р Иванка Мијиќ, координатор
Рајмонда Незири, координатор
Зоран Мазновски
Олгица Наумоска
Гордана Цветковска
Флора Бесими

Лектор: Александар Здравевски

Година на издавање и печатење – 2024

Место на издавање - Скопје

Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016(035)

ФИДАНОВСКИ, Филип
Прирачник за наставници за реализација на наставата по ликовно образование за III одделение на деветгодишното образование [Електронски извор] / Филип Фидановски, Жаклина Ристовска, Весна Бошковска. - Скопје
: Биро за развој на образованието, 2024

Начин на пристапување (URL):
https://brogovmk-my.sharepoint.com/:b:/g/personal/bro_macedonia_bro_gov_mk/EXnzgwjwFdhHl4En9VFAQX0B_3R3LsbkYZJoCx1wyRHExg?e=vj1mWr.
- Текст во ПДФ формат, 100 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 22.04.2024

ISBN 978-608-206-138-2

1. Ристовска, Жаклина [автор] 2. Бошковска, Весна [автор]

COBISS.MK-ID 63540997